**„УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**(15.09.2016 – 15.09.2019 година)**

**Скопје, 2019 година**

**СОДРЖИНА**

I. ВОВЕД, ЦЕЛИ И РЕАЛИЗАТОРИНА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА............... 5

1.1. Цели на процесот на самоевалуација...................................................... 5

1.2. Реализатори на процесот на самоевалуација.......................................... 6

II. ОПИС, ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА............................................. 9

2.1. Краток историјат и опис на Педагошкиот факултет............................... 9

2.2. Визија и мисија........................................................................................ 13

2.3. Стратегија................................................................................................ 15

III. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ......................................................................... 18

3.1. Опис на студиските програми од прв циклус студии............................. 18

3.1.1. Студиска програма: Одделенска настава.......................................... 19

3.1.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание............................ 22

3.1.3. Студиска програма: Библиотекарство.............................................. 26

3.2. Опис на студиската програма од втор циклус студии............................ 28

3.2.1. Студиска програма: Одделенска настава......................................... 29

3.2.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание.......................... 30

3.2.3. Студиска програма: Библиотекарство............................................. 32

3.3. Докторски студии...................................................................................... 34

3.3.1. Студиска програма: Образование на наставници ........................... 34

3.3.2. Студиска програма: Рано детско воспитание и образование ......... 36

IV. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР.................................................. 40
4.1. Наставно-научен и соработнички кадар на прв циклус студии............ 41
4.2. Наставно-научен и соработнички кадар на втор циклус студии.......... 43
4.3. Наставно-научен и соработнички кадар на трет циклус студии.......... 43

V. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ....................................................... 44

VI. СТУДЕНТИ.............................................................................................. 47
6.1. Студенти на прв циклус студии.............................................................. 47
6.1.1.Студентски анкети................................................................................ 50
6.2. Студенти на втор циклус студии............................................................ 58
6.3. Студенти на трет циклус студии............................................................ 59
6.4. Студентски активности.......................................................................... 60

VII. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ........................................... 62
VIII. ЛОГИСТИКА......................................................................................... 65
IX. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА................................................................... 67
X. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ..................................................... 69
XI. ФИНАНСИРАЊЕ...................................................................................... 74
XII. ЗАКЛУЧОЦИ И SWOT АНАЛИЗА.......................................................... 76
XIII. ПРЕДЛОГ-КОРЕКТИВНИ МЕРКИ......................................................... 79
XIV. АКТИ И ДОКУМЕНТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА......................................................................................... 81
XV. ПРИЛОЗИ................................................................................................ 83

15.1. Анализи и резултати од анкетирањето на студентите за периодот 2016/2017 и 2017/2018 година ........................................................................................ 83
15.2. Документи и акти користени за Извештајот за самоевалуација за периодот 2016-2019 година ........................................................................................ 97

# I. ВОВЕД, ЦЕЛИ И РЕАЛИЗАТОРИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

## 1.1. Цели на процесот на самоевалуација

Самоевалуацијата е услов за реализација на целокупниот процес на евалуација и акредитација на единиците во рамките на УКИМ и претставува континуиран процес на следење и процена на квалитетот на Факултетот, акредитиран за изведување на високообразовна дејност. Се темели на многубројни факти и информации кои, обработени и анализирани низ повеќе методи и системи, даваат јасна и реална слика за квалитетот на високообразовната дејност, академскиот кадар, управувањето, финансирањето, материјално-техничките и академските капацитети и другите активности. Се спроведува како облигација од Законот за високото образование (Сл. весник на Р. Македонија броеви: 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 57/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15,98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16, 127/16, 82/18) и подзаконските акти со кои се регулираат постапките и методите за нејзина реализација. Крајна цел на самоевалуацијата е процена на квалитетот на високообразовната дејност и согледување на компаративноста и сообразеноста на студиските програми со студиските програми на сродни факултети од Европа и светот.

Процесот на самоевалуација е основа за процена на позицијата и на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во целокупниот образовен систем во Република Северна Македонија (надворешна евалуација). На тој начин овој процес добива карактер на динамиченлост во континуираното зголемување на способноста на Педагошкиот факултет за подобрување на конкурентноста, квалитетот и ефикасноста на наставно-образовниот процес, реализирање синергија меѓу наставно-образовната и научно-истражувачката дејност и перманентното усовршување и унапредување на квалитетот на академскиот кадар. Нејзините основни цели се:

- да претстави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес, научно-истражувачката работа, оспособеноста и активностите на студентите,

организационата поставеност и функционирањето на Факултетот и просторните можности и опременоста на Факултетот;

- да ги анализира добрите и слабите страни на Факултетот при вршење на високообразовната и научната дејност и да предложи корективни мерки;

- да обезбеди основа која ќе послужи за вршење на самоевалуацијата што ја спроведува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и негова акредитација.

### 1.2. Реализатори на процесот на самоевалуација

Врз основа на член 77 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 35/2008, 17/2011, 115/2011 и 15/2013), член 315 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во согласност со член 40 од Правилникот за внатрешни односи и работењето на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски“ во Скопје, Наставно-научниот совет на седницата, одржана на 31.01.2017 година, донесе Одлука за формирање Комисија и Поткомисии за самоевалуација на Педагошкиот факултет (Одлука бр. 2-37/8 од 1.02.2017 година) во состав:

Проф. д-р Аида Ислам – претседател

Проф. д-р Лулзим Алиу

Проф. д-р Светлана Камџијаш

Проф. д-р Виолета Мартиновска

Проф. д-р Сузана Никодиновска – Банчотовска

Поткомисија за евалуација на студиската програма за Одделенска настава во состав:

Проф. д-р Леонора Јегени

Проф. д-р Билјана Маленко

Проф. д-р Бурхан Ахмети

Поткомисија за евалуација на студиската програма за Предучилишно воспитание во состав:

Проф. д-р Татјана Котева – Мојсовска

Проф. д-р Билјана Глигорова

Проф. д-р Методи Главче

Поткомисија за евалуација на студиската програма за Библиотекарство во состав:

Проф. д-р Зоран Михајловски

Проф. д-р Мариета Петрова

Проф. д-р Сузана Котовчевска

Во рамките на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за високото образование на Република Северна Македонија, Комисијата за самоевалуација на Педагошкиот факултет беше задолжена за спроведување процес за самоевалуација и изработка на Извештај за самоевалуација на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски", за периодот 2016-2019 година. Самоевалуацијата е извршена на начин и според условите утврдени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и според Упатството за самоевалуација.

Во процесот на самоевалуација учествуваа сите вработени од академскиот кадар и од администрацијата со презентирање на податоци и информации кои беа неопходни за изработка на Извештајот. Според тоа, сите релевантни податоци се добиени од:

- деканот,

- продеканите,

- раководителите на институти,

- вработените од академскиот кадар на Факултетот,

-секретарот на Факултетот,

- раководителот на сметководство,

- студентите,

- студентската служба и

- библиотеката.

Аквизицијата на податоците Комисијата ја базираше врз постојната документација на Факултетот во рамките на студентската служба и финансискиот сектор, документацијата по институтите и поединечните анкетни листови кои беа доставени до студентите на Факултетот, а кои се однесуваа на квалитетот на наставниот процес, квалитетот на услугите на административните служби и на квалитетот на условите за студирање. За подготовката на Извештајот воедно беа користени и драгоцените искуства од претходно спроведената самоевалуација од 2013-2016 година.

Комисијата како позитивни елементи во процесот на самоевалуација ги истакна:

- Екипирањето на Комисијата со различни профили на кадар, дел од нив со искуство од претходниот процес на самоевалуација, а дел кои искуството го стекнуваат со овој процес, што го приближува процесот до поширок круг на вработени во установата и дава можност за нивно подобро запознавање со актуелните состојби и придонес во напорите за нивно подобрување;

- Можностаза споредување на претходно поставените цели и степенот на нивната реализација;

- Искуството од претходната самоевалуација и употребливоста на тогаш создадената систематизирана база на податоци;

- Добрата и ефикасна меѓусебна соработка на сите учесници и високиот степен на согласност околу детектираните проблеми и мерките за нивното надминување.

При анализа на собраните податоци и направениот увид во сегашната состојба, при споредување со состојбата од претходната самоевалуација и степенот на реализација на тогаш предложените корективни мерки, Комисијата констатира дека нецелосната финансиска автономност и честата променливост на законската регулатива и натаму претставуваа сериозна пречка за дејствување и поголема реализација на планот на мерки и активности за подобрување на квалитетот.

## II. ОПИС, ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА

### 2.1. Краток историјат и опис на Педагошкиот факултет

Основањето на Педагошкиот факултет се протега до 1947 година кога со Уредба бр. 7852 на Владата на Народна Република Македонија од 17.09.1947 година е основана Вишата педагошка школа. Оваа високошколска установа за образование на наставен кадар за основното и средното образование во 1961 година врз основа на новиот Статут и на Законот за високошколските установи на СРМ прераснува во Педагошка академија. Таа се афирмира како значајна установа за оспособување наставен кадар за основните училишта во СРМ. Од формирањето на Педагошката школа (1947) до започнувањето на работата на Педагошкиот факултет (1995), своето образование за наставници на македонски, албански и турски наставен јазик го оформиле 13000 студенти.

Врз основа на чл. 46 од Уставот на Република Македонија, чл. 222 од Законот за насочено образование, Одлуката за усвојување на Елаборатот за образование на воспитувачи и одделенски наставници, како и согласноста на Министерството за образование и физичка култура (бр. 12-2247/2), Универзитетската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 11-та седница, одржана на 13.06.1995 година, донесува Одлука (бр. 08-856/3) за основање Педагошки факултет. Основната дејност на оваа високообразовна институција е дефинирана како образование на одделенски наставници и воспитувачи со висока стручна подготовка. Покрај стручната и педагошко-

психолошката подготовка на овој кадар, со Одлука е утврдена и научно-истражувачката дејност на Факултетот.

Во текот на повеќедецениското дејствување Педагошкиот факултет постојано се стреми кон подобрување на научно-образовната и научно-истражувачката дејност во согласност со актуелните барања на законските промени, но и држење чекор со современите образовни текови во Европа и во светот. Тоа, пред сѐ, подразбира осовременување на студиските и предметните програми и проширување на портфолиото од наставно-образовните активности.

По многубројните промени на наставните планови од почетоците на дејствувањето на оваа установа (1948/49, 1951/52, 1953/54, 1964/65, 1995/96) од учебната 2004/2005 Факултетот работи според новата програма во согласност со Болоњскиот процес и примена на Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС), кои се надополнети и усогласени со новите барања на високото образование во Република Македонија во два наврата: 2009/10 и 2010/11 година.

Со оглед на тоа дека дејноста на Факултетот е првенствено насочена кон едукацијата на студентите, ресурсите на Факултетот во прв ред се насочени кон подигање на нивото на едукацијата на студентите на сите три образовни нивоа на студирање на Педагошкиот факултет.

Покрај успешното работење на студиските програми по Одделенска настава и Предучилишно воспитание, како резултат на определбите на Педагошкиот факултет за следење на развојот на современото библиотекарство во светски рамки, во 2010/11 година започна да работи новата студиска програма по Библиотекарство. Елаборатот за основање на додипломски студии по Библиотекарство е акредитиран од Одборот за акредитација на 10.05.2010 година со Решение бр. 12-1742/4. Во согласност сочлен104 став 2 од Законот за високото образование, трите студиски програми на Педагошкиот факултет, за Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство се реакредитирани од Одборот за акредитација и евалуација на 22.03.2013 со Решение бр. 12-10/2, и повторно на 27.12.2017 година со Решение бр. 02-1075/4.

Студиите од втор циклус по студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание на трите наставни јазици - македонски, албански и турски, во согласност со Законот за високото образование и со релевантните подзаконски акти се реакредитирани од Одборот за реакредитација и евалуација со Решение бр. 12-55/2 од 20.05.2013, а потоа со Решение бр. 1409-73/8 од 29.10.2018 година (Одделенска настава) и Решение бр. 1409-73/9 од 16.09.2018 година (Предучилишно воспитание). За втор циклус студии по Библиотекарство од Одборот за акредитација и евалуација со Решение бр. 12-205/4 од 17.03.2014 година акредитирани се две студиски програми кои се во согласност со ЕКТС. Едната студиска програма е во траење од една година со 60 кредити, а другата е во траење од две години со 120 кредити. Наставата на двете студиски програми која се изведува на македонски наставен јазик почнува да се реализира од учебната2015/16 година.

Во 2017 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ се акредитирани две самостојни студиски програми на трет циклус (докторски) студии: *Образование на наставници (за примарно образование)*(Решение за акредитација од Одборот за акредитација на високото образование, бр 17-232/3 од 18.01.2017 година и со Решение за почеток на работата од МОН бр. Уп1 бр. 14-531 од 24.03.2017 година) и *Рано детско воспитание и образование* (Решение бр. 17-385/4 од 20.06.2017 година и со Решение за почеток на работата од МОН, бр Уп1 бр. 14-2995 од 12.03.2018 година).

Со цел конвергенција кон европските наставни практики, на Педагошкиот факултет во согласност со актите на Универзитетот основани се четири центри за усовршување: Дидактичко-методички центар, Центар за педагошки истражувања и анализи, Центар за доживотно-перманентно учење и Центар за кариера.

Од 2014/15 година се реализираат и студии за педагошка доквалификација, а во рамките на Факултетот функционира и Одборот за доверба и соработка со јавноста што има советодавна улога.

Внатрешната организација и управувачката структура на Педагошкиот факултет се уредува со Законот за високото образование, Статутот на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет според кои органите на Факултетот се:Наставно-научен совет, деканот и Деканатска управа.

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот во кој членуваат редовните и вонредните професори и доцентите кои се во редовен работен однос, како и 5 претставници од студентите (по двајца од групите по македонски и албански наставен јазик и еден од групата на турски наставен јазик). Мандатот на студентите трае две години и тие се избираат од страна на Студентскиот парламент на Факултетот. Наставно-научниот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела утврдени со Статутот на Универзитетот и/или Статутот на Факултетот.

Бројот на членови на Наставно-научниот совет за периодот за кој се однесува самоевалуацијата е:

Во академска 2016/17 година од вкупно 38 членови на академски кадар, ННС го сочинуваат 35 члена, од кои редовни професори 13, вонредни професори 15 и доценти 7 (3 претставници од соработниците немаат право на присуство).

Во академска 2017/18 година од вкупно 36 членови на академски кадар, ННС го сочинуваат 32 члена, од кои редовни професори 13, вонреди професори 15, доценти 4 (4 претставници од соработниците немаат право на присуство).

Во академската 2018/19 година од вкупно 38 членови на академски кадар, ННС го сочинуваат 37 члена, од кои редовни професори 16, вонредни професори 17, доценти 4 (1 претставник од соработниците нема право на присуство).

Раководен орган на Факултетот е Деканот кој е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот. Тој го застапува и го претставува Факултетот во земјава и во странство, во согласност со статутот на Универзитетот и статутот на Факултетот.Факултетот има три продекани, и тоа: продекан за настава, продекан за наука и продекан за финансии.

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и ја сочинуваат: деканот, продеканите, раководителите на институтите и претседателот на

Студентскиот парламент. Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот без право на одлучување. Деканатската управа ја свикува и на седниците претседава деканот.

Вкупниот број на вработени на Педагошкиот факултет во академската 2018/19 година е 59 вработен (наставен, административен, помошен кадар). Од нив, 38 се академски кадар, а 21 лице се административно-технички персонал, во редовен работен однос.

Наставниот кадар го сочинуваат вкупно 25 жени и 13 мажи. Административно-техничкиот персонал го сочинуваат вкупно 15 жени и 6 мажи. Од нив, 8 лица се со високо образование, од кои 2 лица се магистри на одделенска настава, 1 е со вишо, 8 се со средно и 2 лица се со основно образование.

Во недостиг од наставен кадар, за успешна реализација на наставата ангажирани се и 9 надворешно ангажирани наставници, како и 4 стручњаци од практиката.

## 2.2. Визија и мисија

Визијата на Педагошкиот факултет „Св. Климетн Охридски“ во Скопје примарно е фокусирана во насока на развој на институцијата и студиските програми и едуцирање на квалитетни кадри со основни и проширени знаења, компетентност и вештини од соодветната специјалност, оспособени да одговорат на современите барања и трендови на пазарот на трудот.

Визијата на Факултетот се остварува преку разни форми и содржини на активности, од донесување и спроведување на законска регулатива и акти, преку креација и реализација на наставно-образовниот процес, научно-истражувачката работа, апликативната дејност и други форми на активности. Примарно, мисијата на институцијата и студиските програми ја креираат и ја спроведуваат органите и телата на Факултетот, наставно-соработничкиот кадар, студентите и службите. Освен Факултетот, многу значајни мисионери во остварувањето на визијата се органите и телата на УКИМ и ресорното министерство.

Својата мисија Факултетот, како единица на УКИМ, ја остварува врз основа на следните стратегиски, плански и програмски определби и активности:

- Обезбедување на услови и можности за едукација на квалитетни високо образовани кадри од областа на образованието, воспитанието и библиотекарството од прв, втор и трет циклус студии, со можности за достигнување на највисоки компетенции на идниот наставник, воспитувач и библиотекар;
- Едукација на кадар кој е оспособен за самостојна работа со широка основа за понатамошна континуирана надградба во професијата;
- Континуитет во обезбедување услови за реализирање на набележаните програми за работа и реализирање на студиските програми со перманентно надградување и имплементација на највисоките научни и стручни сознанија во рамките на студиските и предметните програми;
- Проширување на дејноста на Факултетот со отворање нови студиски групи, како и други облици на образовна работа**;**
- Додипломски, постдипломски и докторски студии кои се компаративни со соодветните во регионот и Европа (ЕКТС);
- Спроведување на интерактивност и транспарентност во наставата, имплементација на информатичката технологија, на современите системи во изведувањето на практично-стручната подготовка на студентите, како и на ЕКТС во иновирањето на студиските програми;
- Интензивирање и проширување на научната соработка со сродни високообразовни и научни институции во земјата и во странство и обезбедување услови и можности за двонасочна мобилност на студенти и наставно-соработничкиот кадар;
- Истакнување на улогата на конструктивен и незаобиколен фактор во унапредувањето и осовременувањето на образовните процеси во севкупната образовна политика во земјата.
- Континуитет и квалитет во научно-истражувачката дејност и создавање услови и можности за континуирано обновување и осовременување на научните и стручните знаења, креативноста, компетентноста и умешноста

на наставничкиот и соработничкиот кадар;

- Активно вклучување на студентите во наставно-образовните и другите процеси на факултетот;
- Овозможување на нови вработувања на факултетот;
- Развивање и спроведување на ефикасни облици за доживотно образование, како и континуирано следење на развојот и новините во образовните процеси во светот;
- Проширување и интензивирање на соработката со предучилишните установи, основните училишта и библиотеките, особено во текот на реализацијата на практичната настава на студентите;
- Поттикнување, организирање и интензивирање на издавачката дејност, во согласност со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## 2.3. Стратегија

Главната цел на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски“ е да прерасне во врвна наставна и научно-образовна институција од областа на образованието во Република Северна Македонија преку овозможување висок квалитет во едукацијата на воспитно-образовниот и библиотекарскиот кадар преку развивање интензивна партнерска соработка со реномирани високообразовни и научни институции во светот. Тоа претпоставува:

- осовременување на студиските програми и креирање нови студиски програми, во согласност со потребите на пазарот на трудот, со современи методи на настава и вклучување најнови сознанија;
- подигнување на квалитетот на научно-истражувачката дејност;
- зголемување на меѓународната соработка и поголема мобилност на наставниот кадар и студентите;
- кадровско подмладување и пополнување на составот на вработените на Факултетот, зајакнување на кадровскиот потенцијал преку стручно усовршување и развој, како и подобрување на стандардот на наставно-научниот кадар;

- развој на ИКТ–инфраструктурата и електронските сервиси за вработените и студентите;
- пристап до бази на податоци и научни публикации;
- унапредување на меѓународната соработка со реномирани научни и високообразовни институции од Балканот и светот;
- привлекување на странски студенти и визитинг-професори од странски универзитети;
- зголемување на учеството на кадарот во меѓународни организации;
- создавање услови за процесот на континуирано образование;
- континуирано ревидирање и осовременување на наставните програми од прв, втор и трет циклус студии во согласност со современите текови во образованието и промените во воспитно-образовниот систем на Република Северна Македонија;
- Обезбедување програми за обновување, осовременување и продлабочување на знаењата на вработените во воспитно-образованите институции и државните органи за образование (МОН, БРО, ДИЦ и др.);
- континуирано подобрување на условите за студирање и работа на Факултетот. За таа цел на крајот од учебната година редовно се спроведува анкетирање на студентите за условите на студирање и за работата на административните служби (служба за студентски прашања, архива, библиотека, медијатека), како и на одговорното лице за ЕКТС;
- постојано надополнување на библиотечниот фонд со стручно-научна литература и периодика;
- обезбедување парични фондови за стручно и научно усовршување, за студиски престои на вработените во странство, како и за организирање научни конференции.

**SWOT - анализа**

***Предности (S):***

- *Факултетот претставува една од најстарите членки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“со квалитетен, компетентен и искусен наставен кадар, способен да ги комбинира резултатите од наставно-истражувачките активности со наставната дејност.*
- *Настојува да воведува новини во наставните програми во сите три циклуси, кои се во тек со современите европски и светски образовни трендови.*
- *Бележи високо развиена научно-истражувачка активност со значаен број трудови објавени во домашни и меѓународни публикации.*
- *Обезбедува поволни просторни и инфраструктурни услови за квалитетно изведување на наставата.*
- *Членка е на Балканската асоцијација на учителски факултети и има големо искуство во реализацијата на домашни и меѓународни научни проекти како и меѓународни собири.*
- *Се истакнува со активна соработка со воспитно-образовните и културните институции (предучилишни установи, училишта и библиотеки) што е од големо значење за практичната обука на студентите во завршната фаза од нивната едукација.*

***Слабости (W):***

- *Недоволно продлабочена меѓународна соработка (размена на студенти, ангажирање и праќање на визитинг професори) со истакнати високообразовни институции во Европа и светот.*
- *Недоволно интензивна практична настава на студентите во воспитно-образовните и културните институции како важен сегмент од севкупниот образовен процес.*
- *Недостиг одфинансиските средства за научно-истражувачката дејност.*

- *Недоволни можности за пристап до меѓународни бази на податоци и научно-истражувачки публикации.*
- *Непостоење на модалитети за студирање на далечина.*
- *Недостиг од отворање на нови работни места.*

***Можности (О):***

- *Компатибилност на студиските програми со програмите на еминентни високообразовни институции во странство.*
- *Продлабочување на воспоставената соработка со сродни институции во земјава, Балканот и Европа, како и државните органи за образование, наука и култура (МОН, БРО, ДИЦ и др.).*
- *Искористување на позицијата на Факултетот за неговото вклучување во креирањето на националната образовна политика во државава.*
- *Можности за развој на форми на далечинско учење.*
- *Користење на странски фондови и програми за финансирање на научно-истражувачка дејност и учество во меѓународни проекти.*

***Ограничувања (Т):***

- *Намалување на бројот на студентите од повеќе причини: демографски; намалување на вредноста на професијата наставник/воспитувач поради хиперпродукција на овој кадар; непосотоење на практична валоризација на диплома на дипломираните студенти од одделот за библиотекарство.*
- *Недоволна и опаѓачка финансиска поддршка за научно-истражувачките активности.*
- *Ограничени можности за вработување, односно обнова на наставниот кадар и техничкиот персонал.*
- *Недоволна кооперативност на надлежното министерство, како и државните органи за образование, наука и култура (МОН, БРО, ДИЦ и др.).*

## III. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

### 3.1. Опис на студиските програми од ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Основна дејност на Педагошкиот факултет како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е наставно-образовната дејност. Тоа е експлицитно содржано во сите документи (визија, мисија, стратегиски план, акт за основање и др.) кои даваат основа за правците на дејствување и развој на Педагошкиот факултет. Следствено, оценувањето на наставно-образовната дејност е важен дел при процесот на самоевалуација на Факултетот за да се овозможи унапредување на основниот процес - образование на студентите на сите студиски програми, следејќи ги најновите трендови на образовните факултети во светот и подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на општеството.

Во рамките на првиот циклус се изведуваат три студиски програми:

- Студиска програма за Одделенска настава,

- Студиска програма за Предучилишно воспитаниеи

- Студиска програма за Библиотекарство.

Кај сите е присутна интенција за постојано иновирање и користење на позитивните искуства од соодветните студиски програми присутни на реномираните странски универзитети, како и сопствените искуства од претходниот период.

### 3.1.1. Студиска програма: Одделенска настава

Наставата на Институтот за одделенска настава при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ од Скопје се изведува на три наставни јазици: македонски јазик, албански јазик и турски јазик. Студиската програма за одделенска настава од првиот циклус на студии се организира и се реализира според принципите на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), во согласност со Болоњската декларација во траење од четири студиски години, односно осум

семестри. Положените испити во секој семестар носат вкупно 30 кредити, што значи дека на крајот на студиите студентот стекнува 240 кредити.

Институтот за одделенска настава функционира од основањето на факултетот, во учебната 1995/96 година. Студиската програма на Институтот во изминатиот период е изменета и дополнета неколку пати, а последната промена која е во функција и денес е реализирана во учебната 2017/18 година (27.12.2017 година со Решение од Одборот за акредитација и евалуација бр. 02-1075/4).

Студиската програма на Институтот за одделенска настава е составена 60% од задолжителни предмети, 30% од изборни предмети и 10% изборни предмети од понудената универзитетска листа. Според тоа, наведената студиска програма е составена од 30 задолжителни предмети (односно, 32 за наставата на албански и на турски наставен јазик) и 15 предмети кои стануваат задолжителни откако ќе се изберат од листата на 39 понудени изборни предмети и 5 предмети кои се избираат од универзитетската листа. Дипломскиот испит е дел од студиската програма и се вреднува со 6 кредити, кои влегуваат во вкупниот збир од 240 кредити.

Според програмата, може да се избере и еден факултативен предмет (физичко воспитание), во првиот и во вториот семестар. Педагошката практика, која е дел од програмата, нема статус на предмет. Студентите кои на Институтот за одделенска настава студираат на албански и на турски наставен јазик ги слушаат и ги полагаат и следните предмети: Македонски јазик со култура на изразувањето 1 (за етничките групи) и Македонски јазик со култура на изразувањето 2 (за етничките групи). Според Законот за високото образование, студентите кои студираат на наведените наставни јазици следат настава и полагаат испити на македонски наставен јазик уште на најмалку два предмета. На студиската програма за одделенска настава тоа се наставните предмети Хигиена и Историја/Национална историја.

На Институтот се реализира и практична настава, преку педагошката практика која се изведува во I, II и III семестар најмалку со еден наставен час еден ден седмично, а вкупно 30 дена во текот на учебната година. Во последователните

семестри од IV до VIII, реализацијата на практичната настава е овозможена најмалку еден до два дена седмично, преку практичните часови во рамките на следните предмети: Училишна педагогија, Методологија на педагошките истражувања, Методика на наставата по почетно читање и пишување, Методика на наставата по математика 1 и 2, Методика на наставата по запознавање на околината, природата и општеството 1 и 2, Ликовно образование со методика, Музичко образование со методика, Методика на наставата по македонски/албански/турски јазик 1 и 2, Основи на физичкото образование и Физичко образование со методика, како и со педагошкиот стаж при што студентите под менторство учествуваат во реализацијата на процесот на наставата во одредено основно училиште во определен период. Иако немаат статус на наставни предмети, реализирањето на педагошката практика и на педагошкиот стаж претставува услов за запишување на следниот семестар.

Студиската програма и предметните програми за одделенска настава се во корелација со наставниот план и наставните програми за основно образование од I до V одделение во основното училиште. Предметните програми, кои се подготвени специјално за наставните предмети на Институтот за одделенска настава, насочени се кон формирање на профилот одделенски наставник и создавање на неговите педагошки и стручни компетенции. Според тоа, идниот одделенски наставник во текот на студиите се оспособува за: планирање и организирање на процесот на наставата, вклучувајќи ги тука и сите аспекти на реализација на поединечните наставни предмети со можност за интегрирање на наставните содржини; создавање на позитивна клима во одделението; обезбедување на групна и поединечна комуникација со учениците; развој на креативност и негување на творечките идеи на учениците; следење на напредувањето на учениците; вреднување на процесот на наставата и себевреднување. Сите понудени предмети на Институтот директно или индиректно се вклучени во создавањето на компетенциите на идниот наставник.

Бројот на часовите предвидени во студиската програма за Одделенска настава по задолжителни и изборни предмети, изборниот предмет според листата

на УКИМ, како и изработката и одбраната на дипломската работа е прикажан во Табела бр. 1:

**Табела бр. 1:**

| *Семестар* | *Задолжителни предмети* | *Изборни предмети* | *Предмети од УКИМ листата* | *Педагошка практика* | *Педагошки стаж* | *Дипломскараб ота* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***I*** | *300* | *90* | *45* | *15* | | | *450* |
| ***II*** | *315* | *45* | *75* | *15* | | | *450* |
| ***III*** | *300* | *90* | *45* | *15* | | | *450* |
| ***IV*** | *315* | *90* | *45* | | | | *450* |
| ***V*** | *285* | *165* | | | | | *450* |
| ***VI*** | *375* | *75* | | | | | *450* |
| ***VII*** | *300* | *105* | *45* | | | | *450* |
| ***VIII*** | *210* | *90* | | | *60* | *90* | *450* |
| ***вк.*** | ***2400*** | ***750*** | ***255*** | ***45*** | ***60*** | ***90*** | ***3600*** |

На крајот на студиите, студентот има обврска да изработи дипломска работа (може да се работи и претходно, но се брани со полагањето на последниот испит) и таа да ја одбрани пред тричлена Комисија. По завршувањето на студиите заклучно со полагање на дипломскиот испит, студентот на Институтот за одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ од Скопје се стекнува со звањето *дипломиран професор по одделенска настава.*

### 3.1.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание

Студиската програма за предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ профилира кадар кој треба да ги обединува воспитно-образовните вредности во периодот на раниот детски развој на детето подготвувајќи го за успешно вклопување во современиот школски систем. Таа

поседува јасни и прецизни цели со фокус на студентот заради негово обезбедување со знаења, компетенции и вештини кои соодветствуваат на профилот на студиската програма. Во наставата која се изведува на македонски, албански и турски јазик студентите се запознаваат со најновите научни сознанија од сите научни подрачја, се оспособуваат за примена на образовна технологија, како и современи дидактичко-методички форми и стратегии на учење и поучување на најмладата популација во предучилишните установи. Со тоа студентите се стекнуваат со знаења и разбирање за социјално-културната димензија на воспитно-образовната/културно-образовната установа, како и за организирање и реализација на воспитно-образовните активности во предучилишните институции.

Студиската програма за предучилишно воспитание за прв пат е воведена во 1995/96 година со основањето на Педагошкиот факултет. Во текот на повеќедецениското успешно дејствување, таа е дополнета во неколку наврати, а последната акредитација е одобрена од страна на Одборот за акредитација и евалуација во учебната 2017/18 година (Решение бр. 02-1075/4 од 27.12.2017 година) во согласност со постојниот Закон за високото образование и со релевантните подзаконски акти. Во студиската програма успешно се вградени суштествените препораки на Концепцијата за деветгодишното основно образование 2005-2015. Наставата се изведува во согласност со Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) во траење од четири години, односно осум семестри, во кои студентите треба да стекнат 240 кредити, по 30 кредити во секој семестар.

Во реализација на наставата (на една или повеќе предметни програми) е вклучен наставно-научниот и соработничкиот кадар од соодветната научна област што претставува основа за интердисциплинарен пристап во образованието и профилирањето на идниот предучилишен воспитувач.

Студиската програма ја сочинуваатзадолжителни и изборни предмети при што сите тие се едносеместрални. Бројот на задолжителни предмети изнесува најмногу 60% од бројот на предметите, додека остатокот од студиските програми го сочинуваат 30% изборни наставни предмети кои студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на Факултетот и 10%

изборни наставни предмети кои студентите самостојно ги избираат од заедничката универзитетска листа на изборни предмети. Според тоа, во текот на осумте семестри студентите слушаат и полагаат 27 задолжителни предмети (односно, 29 за наставата на албански и на труски наставен јазик), 14 изборни од 35 предмети кои се понудени во рамките на студиската програма по Предучилишно воспитание, и 5 предмети од универзитатската листа на слободни изборни предмети. Во програмата е предвиден и еден факултативен предмет - Физичко воспитание, во прв и во втор семестар. Студентите од групите на албански и на турски наставен јазик според студиската програма задолжително ги следат предметите Македонски јазик со култура на изразувањето 1 (за етничките групи) и Македонски јазик со култура на изразувањето 2 (за етничките групи). Бидејќи вкупниот број кредити во една студиска година изнесува 60 кредити, за студентите од овие две јазични групи бројот на кредитите за предметите Хигиена и Основи на филозофијата изнесува три наместо пет кредити кај македонската јазична група. Во согласност со членот 103 од Законот за високото образование, за студентите од албански и турски јазични групи е предвидено следење настава и полагање испити на македонски наставен јазик уште на најмалку два предмета. Во оваа студиска програма тоа се предметите Хигиена и Историја/Национална историја. Студентите од предучилишно воспитание се задолжени да изберат најмалку еден странски јазик и најмалку еден предмет од областа на инклузијата во образованието или Методика на работа со деца попречени во развојот, од слободната листа на изборни предмети на УКИМ.

Со оглед на тоа дека особено внимание му се посветува на практичното оспособување на студентите со цел нивно успешно вклучување во воспитно-образовниот процес во предучилишните институции, како и во поширокта општествена средина, во оваа студиска програма се предвидени три задолжителни форми на практично оспособување:

- Педагошка практика 1,2,3,4 - од I до IV семестар
- Хоспитации (методичко –дидактички) – од V до VII семестар
- Педагошки стаж – VIII семестар

Педагошката практика од I до IV семестар се остварува со по најмалку еден

наставен час, еден ден седмично, вкупно 30 дена годишно. Од V до VII семестар, хоспитациите се реализираат најмалку еден до два дена седмично преку практичните часови предвидени во рамките на предметите: Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 1 и 2, Методологија на педагошките истражувања, Методика на воспитно-образовната работа по математика 1 и 2, Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 1 и 2, Физичко воспитание со методика, Ликовно воспитание со методика и Музичко воспитание со методика. Педагошкиот стаж, во кој студентите под менторство учествуваат во реализацијата на наставниот процес во предучилишните установи, се практикува два дена седмично во текот на целиот VIII семестар. Иако педагошката практика и педагошкиот стаж немаат статус на предмети, тие се услов за запишување во наредниот семестар, односно успешно завршување на студиите. Една од интенциите на одделот по Предучилишно воспитание е унапредување и надградување на практичната настава со нови форми на соработка со предучилишните установи, училиштата, локалната самоуправа, Министерството за образование и наука, други надлежни институции, како и со невладиниот сектор, преку разни проекти.

Фондот часови и содржините на предметните програми ги исполнуваат целите на студиската програма по Предучилишно воспитание и соодветствува на стручниот профил што се очекува да се добие со нејзино завршување. Секој предмет е означен со определен код кој содржи информација за негои во него е посочена задолжителна и дополнителна литература. Односот на бројот на часовите за предавања и бројот на часовите за вежби е соодветен на понудената предметна програма. Бројот на доделените кредити по секој предмет ја искажува вкупната оптовареност на студентот за совладување на содржините на предметот.

Бројот на часовите предвидени во студиската програма за Предучилишно воспитание по задолжителни и изборни предмети, изборниот предмет според листата на УКИМ, како и изработката и одбраната на дипломската работа е прикажан во Табела бр. 2:

**Табела бр. 2:**

| *Семестар* | *Задолжителни предмети* | *Изборни предмети* | *Предмети од УКИМ листата* | *Педагоика практика* | *Педагошки стаж* | *Дипломскараб ота* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | *240* | *45* | *135* | *30* | | | *450* |
| **II** | *315* | *120* | - | *15* | | | *450* |
| **III** | *315* | *45* | *60* | *30* | | | *450* |
| **IV** | *300* | *135* | - | *15* | | | *450* |
| **V** | *240* | *150* | *60* | - | | | *450* |
| **VI** | *270* | *120* | *60* | - | | | *450* |
| **VII** | *360* | *90* | - | - | | | *450* |
| **VIII** | *225* | - | - | - | *135* | *90* | *450* |
| **вк.** | **2265** | **705** | **315** | **90** | **135** | **90** | **3600** |

Испитните рокови се организираат во согласност со Законот за Високото образование и Статутот и правилниците на Универзитетот. Откако ќе ги положи сите предвидени испити со студиската програма, студентот е задолжен да изработи и да одбрани дипломска работа која се вреднува со шест кредити, кои влегуваат во вкупниот број кредити предвидени за целокупните студии. Со одбраната на дипломската работа, кандидатот се стекнува со звањето *дипломиран професор за предучилишно воспитание.*

### 3.1.3. Студиска програма: Библиотекарство

Во академската 2010/11 година започна со реализација нова студиска програма Библиотекарство со решение бр. 12-1742/4 од 10.05.2010 год. на Одборот за акредитација и евалуација и во согласност со Законот за високото образование. Со тоа Педагошкиот факултет ја прошири својата дејност. Оваа група спаѓа во научно-истражувачкото подрачје хуманистички науки. Со отворање на оваа студиска група и Македонија се вброи во земјите кои профилираат стручен кадар од областа на библиотекарството. Звањето кое се добива по завршувањето на

студиите на Институтот за библиотекарство е *дипломиран библиотекар*. Следејќи ги промените во обазованието, студиската програма за Библиотекарство доби реакредитација во учебната 2013/14 год. Оваа студиска програма е за редовни и вонредни додипломски студии, во траење од осум семестри. Предметите се задолжителни, изборни и предмети од УКИМ листата, вклучително и практична настава. 38 предмети се задолжителни, 20 изборни и 4 предмети од УКИМ листата.

Студиската програма се однесува на научни дисциплини кои аспектираат повеќе области: историја на писменоста во Македонија, историја на писмото и библиотеките, светска книжевност, македонска, турска, албанска книжевност, литература за деца, раритетни збирки, дигитализација на библиотечна граѓа, каталогизација и класификација на библиотечниот фонд, традиционално и електронско издаваштво, специјализирани библиотеки, информатичка писменост, методика на работење во училишни библиотеки, медиумска култура, психологија на личноста, социологија на културата, естетика и др.

Бројот на часови според задолжителни, изборни и предмети од УКИМ листата е прикажан во Табела бр. 3:

**Табела бр. 3:**

| *Семестар* | *Задолж. предмети* | *Изборни предмети* | *Предмети од УКИМ листата* | *Педагошк а практика* | *Дипломск аработа* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *I* | *390* | *60* | | | - | *450* |
| *II* | *390* | *60* | | | - | *450* |
| *III* | *390* | *60* | | | - | *450* |
| *IV* | *390* | *60* | | | - | *450* |
| *V* | *255* | *120* | *75* | | - | *450* |
| *VI* | *225* | *150* | *75* | | - | *450* |
| *VII* | *270* | *120* | *60* | | - | *450* |
| *VIII* | *120* | *150* | *60* | *120* | *120* | *450* |
| ***вк.*** | ***2430*** | ***780*** | ***270*** | ***120*** | ***120*** | ***3600*** |

Задолжителните и изборните предмети имаат соодветна литература цитирана од соодветниот предметен наставник. Бројот на часовите за предавања и вежби се комаптибилни со наставниот процес. Дипломската работа има 8 кредити и со нејзината реализација кандидатот се стекнува со звање *дипломиран библиотекар.*

**SWOT - анализа**

***Предности (S):*** *Добра организација на наставата, со континуирано оценување на знаењето условува перманентно и активно ангажирање на студентите.Предметните програми на секоја од студиските програми обезбедуваат солидни основни знаења од избраната област, примена на современа образовна технологија и стратегии на учење кои успешно ги имплементираат во практичната работа во воспитно-образовните и културните институции.*

***Слабости (W):*** *Спроведувањето на едносеместрални предметни програми резултира со одредени компромиси во содржините и структурите кај некои од наставните предмети.*

***Можности (O):*** *Бројот на изборни предмети овозможува приспособување на студентот со цел да се потенцираат индивидуалните особености и афинитети. Можности за зголемување на времетраењето на практичната настава во воспитно-образовните и културните институции. Следењето на иновативните трендови во сите научни области кои се вклучени во профилирањето на кадрите претставува солидна основа за напредокот на студиските програми.*

***Ограничувања (T):*** *Намалување на бројот на запишани студенти како резултат на недоволни услови за вработливост на пазарот на трудот, но и други општествено-социјални промени во Државата (отворање на голем број нови универзитети, миграција на младата популација во странство итн.).Потребни се промени во приемот на студентите, со цел да се привлечат најдобрите матуранти, од причина што овие профили се од исклучително*

*значење за развојот на личноста на децата. Потребна е поголема афирмација на студиската група Библиотекарство и зголемување на бројот на студентите.*

### 3.2. Опис на студиските програми од ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Со цел продлабочување на теоретските и научните сознанија на дипломираниот кадар, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје од 2010/11 година се организира втор циклус студии на Институтите за Одделенска настава и Предучилишно воспитание, а од 2014/15 година и на Институтот за библиотекарство. Наставата на вториот циклус студии по одделенска настава и предучилишно воспитание се изведува на македонски, албански и турски наставен јазик, додека на Институтот за библиотекарство наставата се изведува само на македонски јазик. Факултетот располага со компетентен наставен кадар од општественото, хуманитарното, природно-математичкото научно подрачје, што соодветствува на потребите за профилот на овој циклус студии. На студиските програми се запишуваат студенти кои завршиле прв циклус студии и се стекнале со 240 ЕКТС-кредити од областа на образованието, воспитанието и библиотекарството, на Педагошкиот факултет или на други сродни факултети.

#### 3.2.1. Студиска програма: Одделенска настава

Студиската програма на академски магистерски студии од втор циклус на студиите за Одделенска настава е во согласност со критериумите, стандардите, задачите и целите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за образување квалитетни наставни кадри. Студиската програма е конципирана на начин кој овозможува стекнување на знаења и компетенции неопходни за магистер од оваа област. Тие треба да претставуваат основа за понатамошно образование и следење на најновите достигнувања во теоријата и практиката и нивна имплементација во современиот воспитно-образовен процес.

Студиската програма за втор циклус студии на Институтот за одделенска настава започна со реализација во академската 2010/11 година со Решение за

акредитација на Програмата за академски магистерски студии од втор циклус на студиската програма по Одделенска настава е регулирана со Решение за акредитација на студиската програма бр. 12-141/2. Во согласност со современите тенденции во образованието и општеството воопшто, Програмата е два пати реакредитирана, односно со Решение бр. 12.55/2 од 29.05.2013 донесено од Одборот за акредитација на високото образование и како таква се реализира од академската 2013/14 година и втората реакредитација од именуваниот Одбор е на 18.10.2018, со Решение бр. 1409-73/8 од 29.10.2018 година.

Програмата предвидува студирање според ЕКТ-системот кој е во согласност со Болоњските принципи. Со нејзиното завршување, студентите се стекнуваат со вкупно 60 кредити од наставно-научните дисциплини кои се распоредени во 2 семестра и од завршниот испит за одбрана на магистерскиот труд. Бројот на наставно-научните дисциплини (предметите) во првиот семестар е поделен во: 4 задолжителни предмети, во кои влегува и магистерскиот труд, 3 изборни предмети и еден предмет од УКИМ-листата. Изборните предмети се поделени во две групи: Б.1 - составена од 12 предмети од кои студентот избира еден; Б.2 – понудени се 19 предмети од кои студентот избира два предмета. Во вториот семестар студентот избира еден предмет од веќе понудените изборни предмети од групата Б.2. Во Програмата целосно е задоволен односот на часовите за предавања, за вежби и за изработка на семинарска работа или теренска работа (односно, изведување и изработка на проектна активност). По сите предметни програми е цитирана основната и дополнителната литература. Бројот на часовите по задолжителни и изборни предмети, вклучувајќи го и изборниот предмет според листата на УКИМ, како и изработката и одбраната на магистерскиот труд е прикажан во Табелата бр. 4:

***Табела бр. 4***

| ***Семестар*** | ***Задолжителни предмети*** | ***Изборни предмети*** | ***Предмети од листата на УКИМ*** | ***Магистерски Труд*** |
|---|---|---|---|---|
| ***I*** | *225* | *150* | *75* | |
| ***II*** | | *75* | | *750* |
| ***вкупно*** | ***225*** | ***225*** | ***75*** | ***750*** |

По завршените последипломски студии и одбраната на магистерскиот труд, кандидатот се стекнува со научен степен *магистер по одделенска настава* што соодветствува на избраниот стручен профил според определбата на студентот.

### 3.2.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание

Студиската програма на академски магистерски студии од втор циклус студии за предучилишно воспитание е во согласност со критериумите, стандардите, задачите и целите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за образување на квалитетни наставни кадри. Таа е регулирана со Решение за акредитација на студиската програма бр. 12-141/3 и започна со реализација од академската 2010/11 година. Во согласност со законските прописи и нормативи реакредитирана е од Одборот за акредитацијата на високото образование со Решение бр. бр12-55/2 од 29.05.2013. Последна акредитација на оваа програма е направена на седницата на именуваниот Одбор одржана на 04.09.2019, која е потврдена со Решение број 1404-73/9од16.10.2018 година. Со оваа студиска програма кандидатите имаат можност да се оспособат за познавање и разбирање на различни научно-истражувачки стратегии и модели во областа на воспитно-образовниот процес, познавање и разбирање на современите теории за детскиот развој, како и на дидактичко-методските пристапи во воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст.

Во согласност со Болоњските принципи, Програмата предвидува студирање според ЕКТ-системот, со што студентите, со нејзиното завршување, се стекнуваат со вкупно 60 кредити од наставно-научните дисциплини кои се распоредени во 2 семестра и од завршниот испит за одбрана на магистерскиот труд. Бројот на предметите за реализација на програмските подрачја во првиот семестар е поделен во: 4 задолжителни предмети, во кои влегува и магистерскиот труд, 3 изборни предмети и еден предмет од УКИМ-листата. Изборните предмети се поделени во две групи: Б.1 - составена од 12 предмети од кои студентот избира еден; Б.2 – понудени се 16 предмети од кои студентот избира два предмета. Во вториот семестар студентот избира еден предмет од веќе понудените изборни

предмети од групата Б.2. Програмата во целост ги задоволува нормативите за односот на часовите за предавања, часовите за вежби и за изработка на семинарска работа или проектна активност. По сите предметни програми се цитирани основната и дополнителната литература. Бројот на часовите по задолжителни и изборни предмети, вклучувајќи го и изборниот предмет според листата на УКИМ, како и изработката и одбраната на магистерскиот труд е прикажан во Табела бр. 5:

***Табела бр. 5***

| ***Семестар*** | ***Задолжителни предмети*** | ***Изборни предмети*** | ***Предмети од листата на УКИМ*** | ***Магистерски труд*** |
|---|---|---|---|---|
| ***I*** | *225* | *150* | *75* | |
| ***II*** | | *75* | | *750* |
| ***вкупно*** | ***225*** | ***225*** | ***75*** | ***750*** |

По завршените постдипломски студии и одбраната на магистерскиот труд, кандидатот се стекнува со научен степен *магистер по предучилишно воспитание* што соодветствува на избраниот стручен профил според определбата на студентот.

### 3.2.3. Студиска програма: Библиотекарство

Во академската 2015/2016 годинаПедагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје отвори нова студиска програма за библиотекарство која беше акредитирана од Одборот за акредитација на високото образование со Решение бр. 12-205/4 од 17.03.2014. Со неа се подготвува современ профил на библиотекари магистри кој е детерминиран од современите трендови во библиотекарството, од новите светски стратегии за развој на библиотеките, од потребите за развој на дигиталните библиотеки на кои укажуваат меѓународни и национални документи. Целта на вториот циклус студии за библиотекарство е профилирање на современикадри кои ќе бидат главни носители и двигатели на сите современи текови и тенденции во библиотечните процеси и во целокупното библиотечно работење.

И покрај тоа што во 2014 година од Одборот за акредитација и евалуација се акредитирани две студиски програми за втор циклус студии за Библиотекарство,

поради немање интерес за двегодишните студии, во моментов е во тек акредитацијата само за едногодишната студиска програма. Ова студиска програма во траење од еднагодина,односнодвасеместра со 60 кредити, содржизадолжителни и изборнипредмети. Задолжителните и изборнитепредметисеодсоодветнатаобластнаИнститутот и еден изборенпредметкојстудентотгоизбираодлистатанаслободнипредметинаУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Бројот на предметите за реализација на програмските подрачја во првиот семестар е поделен во: 4 задолжителни предмети, во кои влегува и магистерскиот труд, 3 изборни предмети и еден предмет од УКИМ-листата. Изборните предмети се поделени во две групи: Листа бр.1 - составена од 3 предмети од кои студентот избира еден; Листа бр. 2 – понудени се 3 предмети од кои студентот избира еден предмет. Во вториот семестар студентот избира еден предмет од веќе понудените изборни предмети од листата на УКИМ. Програмата целосно ги задоволува нормативите за односот на часовите за предавања, часовите за вежби и за изработка на семинарска работа или проектна активност. По сите предметни програми е цитирана основната и дополнителната литература. Бројот на часовите по задолжителни и изборни предмети, вклучувајќи го и изборниот предмет според листата на УКИМ, како и изработката и одбраната на магистерскиот труд е прикажан во Табела бр. 6:

***Табела бр. 5***

| *Семестар* | *Задолжителни предмети* | *Изборни предмети* | *Предмети од листата на УКИМ* | *Магистерски труд* |
|---|---|---|---|---|
| ***I*** | *180* | *120* | | |
| ***II*** | | | *60* | *720* |
| ***вкупно*** | ***180*** | ***120*** | ***60*** | ***720*** |

Позавршувањетонастудиите и одбраната на магистерскиот труд студентотсестекнувасо 60 кредити според болоњскиот ЕКТ систем и созвање*магистерпобиблиотекарство*.

**SWOT - анализа**

***Предности (S):*** *Факултетот располага со квалитетен академски кадар кој*

*има значајни резултати во научно-истражувачката дејност и е во тек со иницијативите и новините кај некои од странските универзитети. Големиот број понудени предмети овозможува специјализација во повеќе области.*

***Слабости (W):*** *Релативно мал број запишани кандидати поради конкурентни студиски програми со поширок спектар на валоризација во општеството кои се стекнуваат кај некои од сродните факултети.*

***Можности (О):*** *Воведување на нови насоки во студиските програми поради отворање можности за вработување во пошироки образовни и културни сфери.*

***Ограничувања (Т):*** *Зголемена конкуренција на втор циклус студии особено на приватните универзитети што перманентно го одвлекува интересот на кандидатите и осетно се одразува врз бројот на запишани студенти на овие студиски програми.*

### 3.3. Докторскистудии

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, при УКИМ, во Скопје, од 2017 година акредитираше и две студиски програми за трет циклус студии- докторски студии. Студиската програма *Образование на наставници (за примарното образование)* е одобрена со Решение за акредитација од Одборот за акредитација на високото образование, бр 17-232/3 од 18.01.2017 година и со Решение за почеток на работата од МОН бр. Уп1 бр. 14-531 од 24.03.2017 година. Втората студиската програма *Рано детско воспитание и образование* е одобрена од истиот Одбор со Решение бр. 17-385/4 од 20.06.2017 година и со Решение за почеток на работата од МОН, бр Уп1 бр. 14-2995 од 12.03.2018 година. Структурата на двете програми за трет циклус-докторски студии е прикажана во Табела бр. 7:

***Табела бр. 7***

| ***Предметиза стекнување генерички знаења и вештини за истражување*** | ***Семестар*** | ***ЕКТС*** |
|---|---|---|
| *Научно-истражувачка етика* | *I* | *4* |

| | | |
|---|---|---|
| *Методологија на научно истражувачка работа (базично ниво)* | *I* | *4* |
| *Изборен предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од Униврзитетската листа на изборни предмети* | *I* | *4* |
| ***Предметиод полињата и областите на истражување*** | ***Семестар*** | ***ЕКТС*** |
| *Изборен предмет* | *I* | *6* |
| *Изборен предмет* | *I* | *6* |
| *Изборен предмет* | *I* | *6* |
| *Изборен предмет* | *II* | *6* |
| *Изборен предмет* | *II* | *6* |

### *3.3.1.Студиска програма Образование на наставници (за примарното образование)*

Студиската програма за докторските студии по Образование на наставници (за примарното образование) е усогласена со Даблинските дескриптори и препораките на EUA[1]и овозможува споредливост со квалификациите стекнати на сродни студиски програми од областа. Таа се однесува на ISCED образовниот степен 1- Примарно образование (Одделенска настава - Елементарно образование - Основно образование во пониските одделенија: 1–5 одделение, приближно 6–11 годишна возраст). Програмата е мултидисциплинарна и е насочена кон постигнување на следните цели:

- Продлабочено разбирање на теориските рамки и методолошките приоди во образованието на наставници за примарно образование од мултидисциплинарна перспектива;
- Оспособување за самостојно развивање нови знаења во областа и за решавање научни проблеми од мултидисциплинарнаили интердисциплинарна перспектива;

[1]European University Association (2005). *Doctoral programmes for the European Knowledge society. Reporton the EUA Doctoral Programmes project (2004-2005)*. Brussels: EUA. – European University Association(2007). *Doctoral programmes in Europe's Universities: achievements and challenges Report prepared forEuropean Universitiesand Ministers of Higher Education*. Brussels: EUA.

- Развој на критичко размислување и етичка одговорност во истражувањата, како и оспособеност за водење научно-истражувачка работа во полето на образованието;
- Оспособување за критички приод кон постојни научни теории и за создавање нови интердисциплинарни решенија за теориски и практични проблеми во полето на образованието и во областа на образованието на наставниците;
- Оспособување за учество во мултидисциплинарни научно-истражувачки проекти и во професионални проекти во полето.

Во согласност со наведените цели и во согласност со член 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на УКИМ, докторските студии се организирани во три научни подрачја, распоредени низ четири потпрограми, односно: Образование на наставници (за примарното образование) во подрачјето на природно – математичките науки; Образование на наставници (за примарното образование) во подрачјето на општествени науки; Педагошко образование на наставници (за примарното образование) и Образование на наставници (за примарното образование) во подрачјето на хуманистичките науки и уметностите кое е поделено на два модула. Тоа се Модул А, за Јазично и литературно образование на наставници (за примарното образование) и Модул Б, за Хуманистичко и уметничко образование на наставници (за примарното образование) и педагошко образование на наставници (за примарното образование). Во согласност со мултидисциплинарноста на студиската програма, концентрацијата на предметите што ги избира студентот на дадена потпрограма е поставена во истата потпограма, со можност за избор на предмети (не повеќе од 40 %) од друга потпрограма во случај кога докторскиот труд има интердисциплинарнатематика.

Времетраењето на докторските студии *Образование на наставници (за примарното образование)*се реализираат низ три студиски години, односно 180 ЕКТС-кредити. Студиската програма се состои од: Обука за истражување, што изнесува 30 ЕКТС-кредити; Едукација, со 30 ЕКТС-кредити и Пријава, изработка и одбрана на докторска дисертација, со 120 ЕКТС-кредити. По завршувањето на

докторските студии, со одбраната на докторската дисертација се стекнува звањето*доктор на науки по Образование на наставници (за примарното образование).*

Наставата на именуваните докторски студии се изведувана македонски, на албански и на турски наставен јазик. По однос на јазиците, низ студиската програма е целосно регулирана постапката со нивната употреба низ формите на наставата, на пишувањето и одбраната на докторската дисертација. Во согласност со законската регулираност, исто така, сеовозможува наставата и научно-истражувачката работа, односно полагањето и одбраната на докторскиот трудда се изведува на англиски јазик. Студиската програма содржи и „прозорци замобилност", односно наставни предмети чии активности се изведуваат и на англиски јазики нивниот минимален број изнесува не помалку од 10% од студискатапрограма или најмалку 20 ЕКТС. Покрај ова прашање, во согласност со актите на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје и со законската регулираност, во Програмата за образование на наставници (за примарното образование) пропишани се и објаснети сеусловите за запишување на студиите и критериумите за упис.

### *3.3.2. Студиска програма Рано детско воспитание и образование*

Зголемената потреба од образование за одржлив развој на современо хумано општество на знаење иницира потреба и од развој на квалитетот на образовните процеси уште од најраната возраст на човекот. Ова резултираше со отворање на студиската програма *Рано детско воспитание и образование.* Програмата е насочена кон едукација на кадри кои организирано и системски ќе се вклучат во реформските зафати кај нас во областа на раното детско воспитание и образование.Програмата е наменета за кадри кои имаат научно-истражувачки и креативен потенцијал и кои чувствуваат потреба од поддршка на научната сензитивност за истражување, креирање и развој на модели, концепти и курикулуми за рано детско воспитание и образование. Оваа програма има за цел да придонесе кон:

- Обезбедување кадри за развивање на современ и стабилен концепт на ран детски развој како дел од целокупниот воспитно-образовен систем;
- Оспособување за откривање, разбирање и создавање нови научни вистини со кои ќе се креираат современи пристапи во развојот на раното детско воспитание и образование;
- Оспособување закритичко следење на современи научни дискурси во функција на консолидирање оригинални решенија кои ќе бидат компатибилни со образовните потреби во земјава и со европските образовни стандарди;
- Создавање високо ниво на научна осетливост, критичност и тимска усогласеност во процесите на истражувањето, поддржани со висока професионална одговорност и научна етичност на поединецот;
- Оспособување за организирање и водење на научно-истражувачки процеси во полето на образованието и создавање сензитивност кон потребите од развој и промени.

Во согласност со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација, Службен весник на Република Македонија, бр 103, од 30 јули 2010 година, студиската програма за трет циклус докторски студии по Рано детско воспитание и образование се наоѓа во: Научно подрачје бр 5: Општествени науки; Научно поле бр 505: Образование. Предвидени се, исто така, и предмети соодветни на научните области од избраното научно поле.

Докторските студии се реализираат низ три студиски години, односно шест семестри по 30 кредити, што изнесува вкупно 180 ЕКТС-кредити. Програмата за трет циклус докторски студии по рано детско воспитание и образованиесодржи две потпрограми, и тоа: Ран детски развојиСистем на предучилишно воспитание и образование. Во согласност со организациската поставеност на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), вкупниот број кредити се стекнуваат низ три суштински делови на предложените

докторски студии, односно:Обука за истражување и објавување резултати, што изнесува 30 ЕКТС-кредити;Едукација во полето и избраната област на истражување (според Програмата која се предлага), што изнесува 30 ЕКТС-кредити и Пријава, изработка и одбрана на докторска дисертација, што изнесува 120 ЕКТС-кредити. По завршувањето на студиите и по одбраната на докторската дисертација кандидатите-докторанди се стекнуваат со звањето *Доктор на науки во областа на раното детско воспитание и образование.*

Во согласност со законската регулираност на високото образование, при подготвувањето и акредитацијата на Програмата е запазен соодносот меѓу задолжителните и изборните предмети, како и други активности за потребите на изработката и одбраната на докторската дисертација, односно: Изборни се „најмногу до 60% од бројот на предметите", задолжителните предмети се застапени со 25% (два предмета од вкупно осум: *Научно истражувачка етика*и *Методологија на научно истражувачката работа – базично ниво*). Остатокот од програмата го сочинуваат: еден предмет кој студентите самостојно го избираат од листата на слободни изборни предмети предложена од секоја единица на Универзитетот посебно, кое изнесува 12,5 % од вкупниот број на предмети и пет изборни предмети од полињата и областите на изучување, односно 62,5 % од вкупниот број предмети. Насочувањето на студентот по однос на изборноста на предметите се конципира во согласност со неговите научни интереси за обезбедување на заокружен систем на знаења. Односно, студентот ги избира предметите од подпрограмата за која се определил, но, во согласност со карактерот и темата на докторската теза, постои можност за избор на предмети (не повеќе од 40 %) и од другата потпограма во Програмата.

Наставата на именуваните докторски студии се изведувана македонски, на албански и на турски наставен јазик. По однос на јазиците, низ студиската програма е целосно регулирана постапката со нивната употреба низ формите на наставата, на пишувањето и одбраната на докторската дисертација. Во согласност со законската регулираност, исто така, сеовозможува наставата и научно-истражувачката работа, односно полагањето и одбраната на докторскиот трудда се изведува на англиски јазик. Студиската програма содржи и „прозорци

замобилност”, односно наставни предмети чии активности се изведуваат и на англиски јазики нивниот минимален број изнесува не помалку од 10% од студискатапрограма или најмалку 20 ЕКТС. Покрај ова прашање, во согласност со актите на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје и со законската регулираност, во Програмата за Рано детско воспитание и образование пропишани се и објаснети сеусловите за запишување на студиите и критериумите за упис.

**SWOT - анализа**

***Предности (S):*** *Факултетот располага со квалитетен академски кадар кој има значајни резултати во научно-истражувачката дејност и е во тек со иницијативите и новините кај некои од странските универзитети. Големиот број понудени предмети овозможува специјализација во голем број потесни области. Факултетот располага со солидни материјални ресурси за изведување на наставата. Студиските програми се успешно акредитирани во 2017 година.*

***Слабости (W):*** *Недоволни финансиски средства за учество на научни конференции, симпозиуми и семинари. Недоволен број научни проекти во кој би се вклучиле студентите од трет циклус. Релативно висока цена на студиите во споредба со животниот стандард во Република Северна Македонија.*

***Можности (O):*** *Понуда на доволен број изборни предмети за потесна специјализација во различни области и дисциплини.*

***Ограничувања (Т):*** *Минимални буџетски средства за научно-истражувачка работа. Зајакната конкуренција при аплицирањето на меѓународните проекти.*

## IV. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје на трите

студиски програми и на трите наставни јазици во текот на трите академски години за кои се однесува Извештајот наставно-научниот кадар е едновремено ангажиран во реализацијата на наставно-образовниот процес на повеќе студиски програми.

Во академската 2016/2017 година наставата ја реализираат вкупно 38 наставници и соработници (25 жени и 13 мажи) во следниве звања: 13 редовни професори, 15 вонредни професори и 7 доценти и 3 асистенти.

Редовните професори се на возраст од 46 до 65 години, вонредните професори се на возраст од 43 до 58 години, доцентите се на возраст од 34 до 56, асистентите се на возраст од 37 до 44 години.

За потребите на наставата се ангажирани и надворешни професори, и тоа: 4 редовни професори, 3 вонредни професори, 2 доценти и 4 соработници.

Во академската 2017/2018 година наставата ја реализираат вкупно 36 наставници и соработници (26 жени и 10 мажи) во следниве звања: 13 редовни професори, 15 вонредни професори и 4 доценти и 4 асистенти.

Редовните професори се на возраст од 46 до 65 години, вонредните професори се на возраст од 43 до 58 години, доцентите се на возраст од 34 до 49, асистентите се на возраст од 37 до 44 години.

За потребите на наставата се ангажирани и надворешни професори, и тоа: 4 редовни професори, 5 вонредни професори, 2 доценти и 4 соработници.

Во академската 2018/2019 година наставата ја реализираат вкупно 38 наставници и соработници (25 жени и 13 мажи) во следниве звања: 16 редовни професори, 17 вонредни професори и 4 доценти и 1 асистент. Вкупниот број наставници и соработници се со полно работно време.

Редовните професори се на возраст од 45 до 65 години, вонредните професори се на возраст од 35 до 55 години, доцентите се на возраст од 38 до 48 години и асистентот е на возраст од 45 години.

За потребите на наставата се ангажирани и надворешни професори, и тоа: 4 редовни професори, 6 вонредни професори, 2 доценти и 4 стручњаци од практиката.

При изборите, реизборите и унапредувањата на наставниците и соработниците, Факултетот ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот. Освен тоа, секој нов избор е поткрепен со мислење од Одборот за односи и соработка со јавноста, како и со извештај за оценка од самоевалуација. Изборот на редовни професори го потврдува и Сенатот на УКИМ.

## 4.1. Наставно-научен и соработнички кадар на прв циклус студии

Во периодот од септември 2016 до септември 2019 година и во зимскиот и во летниот семестар наставата на студиските групи Одделенска настава и Предучилишно воспитание во просек беше покриена приближно со 72% наставници и соработници вработени на Факултетот, а за другите предмети беа ангажирани наставници од УКИМ и од други државни универзитети во Република Северна Македонија.

Гледано по години, во текот на академската 2016/2017 година во реализација на наставата на студиската програма по Одделенска настава и Предучилишно воспитание учествуваале 35 наставници избирани во наставно-научно звање, 3 соработници, 9 надворешни соработници и 4 стручњаци од практиката. Пресметано во проценти, наставата била покриена прближно со 75% наставници и соработници вработени на Факултетот и со 25% наставници од УКИМ и од други државни универзитети во Република Северна Македонија.

Во академската 2017/2018 година во реализација на наставата на студиската програма по Одделенска настава и Предучилишно воспитание учествуваале 32 наставници избирани во наставно-научно звање, 4 соработници, 11 надворешни соработници и 4 стручњаци од практиката. Според тоа, наставата била покриена прближно со 70% наставници и соработници вработени на Факултетот и со 30% наставници од УКИМ и од други државни универзитети во државава.

Во академската 2018/2019 година во реализација на наставата на студиската програма по Одделенска настава учествуваале 37 наставници избирани во наставно-научно звање, 1 соработник, 12 надворешни соработници и 4 стручњаци од практиката. Изразено во проценти, наставата била покриена приближно со 71% наставници и соработници вработени на Факултетот и со 29% наставници од УКИМ и од други државни универзитети во земјава.

Може да се забележи дека во текот на последниве три години процентот на наставниот и соработничкиот кадар од Факултетот е застапен во сигнификантно помал процент во реализацијата на наставата (72%) споредбено со Извештајот за самоевалуација за периодот 2013-2016 година (85%). Ваквата состојба е резултат на ограничените можности за обновување на кадарот кој континуирано заминува во пензија, односно непополнување на испразнетите работни места со вработување на нов наставно-научен и соработнички кадар.

Студиската група Библиотекарство од септември 2016 до септември 2019 година и во зимскиот и во летниот семестар во целост беше покриена со 100% наставници и соработници вработени на Педагошкиот факултет.

## 4.2. Наставно-научен и соработнички кадар на втор циклус студии

За спроведување на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот процес на вториот циклус студии на Факултетот е ангажиран речиси целокупниот наставнички кадар. Поради малиот број запишани студенти, наставните активности на вториот циклус студии се одвиваапреку менторска настава. Со цел да се унапреди наставно-истражувачката дејност и да се добие потребниот квалитет во реализацијата на сите потребни активности предвидени при изработката на проектните задачи и магистерскиот труд, се формираа комисии за спроведување на предвидените испити.

## 4.3. Наставно-научен и соработнички кадар на трет циклус студии

Во реализацијата на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот

процес на третиот циклус студии на Факултетот, исто така, е ангажиран речиси целокупниот наставнички кадар. Наставата на третиот циклус студии, поради малиот број запишани студенти, се одвива преку менторска настава. За успешната реализација на сите содржини на докторските студии – обука за истражување, едукација, како и изработката и одбраната на докторската дисертација се формираат комисии составени од професори од адекватната област.

**SWOT - анализа:**

***Предности (S)*** *– Факултетот има обезбедено компетентен наставно-научен и соработнички кадар кој ги следи најновите светски достигнувања во соодветните области (во рамките на сопствените можности) и перманентно ги имплементира во наставата.*

***Слабости (W)-*** *Бројот на наставно-соработничкиот кадар е мал во однос на бројот на предметните програми.*

***Можности (О)*** *– Можност за усовршување на наставниот кадар преку студиски престои во странство. Решавање на проблемите со нерамномерната ангажираност на наставниот кадар на Факултетот.*

***Ограничувања (Т) -*** *Финансиски ограничувања за вработување на наставно-научен и соработнички кадар, како и за поддршка на студиски престои во странство и за научно-истражувачки проекти.*

## V. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во учебната година 2018/19 година наставата целосно и континуирано се изведуваше според моделот 4+1, односно наставните содрживи се реализираа во прв и втор циклус студии.

Наставниот процес на Факултетот се реализираше на трите студиски програми и на три јазици (македонски, албански и турски). За успешно

спроведување и реализација на целокупниот наставен процес се применуваа современи стратегии за наставна работа со ставање посебен акцент на предавањата и вежбите.

За успешна реализација на поставените наставни и образовни цели се користеа и други облици на настава – интерактивна настава, индивидуална, менторска работа хоспитации, семинари за конкретните научни полиња, проектна настава и други облици и методи.

Значајно е да се напомене како специфика на Педагошкиот факултет и успешната реализација на скратената настава наменета за вонредните студенти и за студентите кои заклучно со академската 2016/2017 година студираа во рамките на проектот 30/35, односно 40/45.

Педагошкиот факултет во рамките на своите активности остварува и плодна соработка на сите полиња со соодветните факултети кои едуцираат наставнички кадар во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со соодветните факултети на другите универзитети во нашата држава, но и пошироко во регионот.

Во иднина неопходно ќе биде соработката и мобилноста да се прошират и на пошироко европско ниво со цел размена на искуства и добри педагошки практики и сознанија со најуспешните факултети и универзитети кои профилираат соодветен кадар во оваа значајна сфера.

Наставата по предметните програми се изведува според претходно подготвен и навремено објавен распоред на часови со точно означување на предавалните (амфитеатар, предавални и уметнички/информатички кабинети). На предавањата се користат современи форми и методи. Покрај усното изнесување на материјата се користат: LCD проектори, компјутери, музички инструменти и други нагледни средства, експонати и модели.

Завршното оценување по одделните предметни програми, по завршувањето на семестарот се врши во точно дефинирани термини во три испитни сесии: јануари, мај/јуни и август/септември. На Факултетот распоредот на полагање на предметите по сесии се објавува однапред, т.е. три пати годишно, со што

студентите навреме се информирани за термините и часот на почетокот на секој испит.

Најчесто се користат традиционалните методи на проверување на знаењето (усни, писмени испити, колоквиуми, семинарски работи, есеи, прикази, истражувачки активности) поради запазување на спецификите на одделни наставни предмети. Овие методи на проверување на знаењето се дополнуваат со проектна истражувачка работа, практична работа, решавање проблеми, портфолио и друго. За квалитетно и објективно оценување на студентите и нивните знаења се применуваат два вида оценување: формативно, со кое се оценува процесот на учење на студентот и преку кое тој добива информации за своето напредување, подобрување и усовршување и сумативно, со кое се оценува постигнувањето на студентот, односно продуктот од неговото учење.

На Педагошкиот факултет дипломските работи претставуваат задолжителен завршен испит. Дипломските работи се изработуваат во писмена форма кои се презентираат и се бранат усно пред трочлена комисија. Студентите самостојно, во договор со предметниот наставник, ја избираат научната област и ја дефинираат темата што ќе претставува предмет на елаборација и презентација во дипломската работа.

Просечното време на студирање на Педагошкиот факултет за учебната 2018/19 година изнесува околу 5,5 години. Во последните три академски учебни години бројот на запишани студенти изнесува 735, додека бројот на дипломирани студенти во истиот период изнесува 593 студенти. Во учебната 2018/19 година во предвидениот рок дипломирале вкупно 148 студенти.

На вториот циклус студии на сите студиски програми во академските учебни години 2016/17, 2017/18 и 2018/19 вкупно се запишале 5 студенти, а магистрирале 3 кандидати. Може да се констатира дека има забележлив пад на бројот на запишани студенти на втор циклус студии во однос на периодот 2013/2016 година кога биле запишни 20 кандидати.

На третиот циклус студии во академските 2017/18, 2018/19 година се запишале вкупно 4 кандидати на студиската програма Образование на наставници

(за примарно образование): во 2017/18 е запишан само еден кандидат на групата албански јазик, а во академската 2018/19 се запишани тројца кандидати од кои 2 кандидати на македонски и 1 на албански наставен јазик.

**SWOT – анализа**

***Предности (S)*** *– Добра организација на наставата, со континуирано оценување на знаењето условува перманентно и активно ангажирање на студентите. Навремено закажување на испити и почитување на термините. Редовна достапност на кадарот за консултации со студентите.*

***Слабости (W)****– Со исклучок на лабораториските кабинети, просторната условеност на предавалните е погодна главно за настава според методот екс катедра што го отежнува спроведувањето на интерактивната настава.*

***Можности (О)*** *– Вклучување на студенти како демонстратори во наставата и во реализација на апликативни и научно-истражувачки проекти. Постојано подобрување и збогатување на техничко – технолошката опременост на Факултетот.*

***Ограничувања (****Т) – Тенденцијата на намалување за упис на нови студенти треба да биде пренасочен кон подобрување на квалитетот и селекцијата на студентите како гаранција за успешна едукација на младите генерации во функција на остварување на образовната политика креирана од страна на државата.*

## VI. СТУДЕНТИ

### 6.1. Студенти на ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Интересот на младите генерации за студирање на Педагошкиот факултете на завидно ниво. Почнувајќи од студиската 2006/07 година на Факултетот не се спроведуваат приемни испити, а рангирањето се врши според постигнатиотуспех

од средното образование. Во учебните 2016/17, 2017/18 и 2018/19 годинапостигнатиот успех од средното образование учествуваше со 60% во вкупнитепоени за рангирање, додека другите 40% се однесуваа на резултатите одполагањето на државната матура во средните училишта. Како услов зазапишување на студентите на овој факултет претставува интервју соелиминаторен карактер пред трочлена комисија составена од по тројца професори за секоја јазична група.

На Педагошкиот факултет во периодот за кој се однесува Извештајот(2016/17, 2017/18 и 2018/19 г.), според Конкурсот беа запишани вкупно 735студенти. Во следнава табела е наведен бројот на запишани студенти по учебни години и по студиски групи (Табела бр 7)

**Табела бр. 7**

| ***Учебна година*** | ***2016-2017*** | ***2017-2018*** | ***2018-2019*** |
|---|---|---|---|
| *ОН/Мк* | *46* | *59* | *65* |
| *ОН/Алб* | *52* | *77* | *71* |
| *ОН/Тур* | *17* | *24* | *12* |
| *ПВ/Мк* | *59* | *32* | *52* |
| *ПВ/Алб* | *36* | *55* | *36* |
| *ПВ/Тур* | *4* | *1* | *1* |
| *Библиотекарство* | *17* | *9* | *10* |
| ***Вкупно*** | ***231*** | ***257*** | ***247*** |

Споредбено со периодот 2013-2016 година кога биле запишани вкупно 733 студенти, може да се каже дека сè уште преовладува еден континуитет во однос на интересот кон оваа професија кај младата популација. Притоа мора да се напомене дека во академската 2017/2018 и 2018/2019 година е зголемена квотата за упис на нови студенти од страна на Министерството за образование и наука. Според тоа, за разлика од учебната 2016/17 година кога квотата за упис на Педагошкиот факултет изнесуваше 215, во 2017/18 се зголеми речиси двојоно на 410, а во академската 2018/2019 таа изнесуваше 390 студенти.

Во однос на преференциите за постојните студиски програми на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, од вкупниот број запишани студенти може да констатираме дека во учебната 2016/17 година 50% од студентите се запишани на групата Одделенска настава, 43% се студенти запишани на групата Предучилишно воспитание, а 7% од вкупниот број запишани студенти се на групата Библиотекарство; во учебната 2017/18 година 63% од студентите се запишани на групата Одделенска настава, 34% се студенти запишани на групата Предучилишно воспитание, а 3% од вкупниот број запишани студенти се на групата Библиотекарство; во учебната 2018/19 година 60% од студентите се запишани на групата Одделенска настава, 36% се студенти запишани на групата Предучилишно воспитание, а 4% од вкупниот број запишани студенти се на групата Библиотекарство. Очигледно е дека поголемиот интерес на студентите е насочен кон групата Одделенска настава и тоа на трите наставни јазици. Споредувајќи ги трите учебни години, може да се забележи тенденција на опаѓање во бројот на запишани студенти на групата Предучилишно воспитание (31%, 40%, 41% во Извештајот од 2013-2016 наспрема 43%, 34%, 36% во текот на последните три години) во споредба со бројот на запишани студенти на групата Одделенска настава (62%, 52%, 48% во Извештајот од 2013-2016 наспрема 50%, 63%, 60% во текот на последните три години) кој е во пораст. Намалување на интересот е евидентно и во однос на групата Библиотекарство (7%, 3%, 4%), споредено со претходниот Извештај (од 2013-2016 г.) кога процентите изнесувале 7%, 8%, 11%.

Во последните три учебни години, заклучно со 20 септември 2019, бројот на студентите кои дипломирале изнесува вкупно 587 студенти на сите три групи и на сите три наставни јазици (Табела бр. 8) што е сигнификантно помал број во однос на извештајниот период 2013-2016 кој изнесувал 869 студенти:

***Табела бр. 8***

| ***Академска учебна година*** | ***Вкупен број на дипломирани студенти*** |
|---|---|
| *2016/2017* | *199* |
| *2017/2018* | *189* |

| | |
|---|---|
| *2018/2019* | *199* |
| ***Вкупно*** | ***587*** |

### 6.1.1. Студентски анкети

За проверка на квалитетот на наставниот процес,на Педагошкиот факултет секој семестар редовно се спроведува анкета со студентите од сите групи и од сите наставни јазици. Со цел да се добие сознание и за спроведените испити, анкетирањето се реализира по завршувањето на испитната сесија, односно на почетокот на семестарот кој следува. Анкетниот лист (унифициран на ниво на УКИМ) содржи 11 прашања врз основа на кои студентите гоискажуваат својот став и го оценуваат квалитетот на наставно-образовниот процес преку евалуација на работата на наставниците и на соработниците. Во оваа анализа ќе бидат опфатени процените на студентите за квалитетот на наставата во зимскиот и во летниот семестар од учебните 2016/2017, 2017/2018,заклучно со 2018/2019 година. Воедно, во текот на периодот на кој се однесува Извештајот, на крајот на летните семестри е спроведувано и анкетирање на студентите за*квалитетот на услугите на административните служби и на материјално-техничките услови за студирање,*со цел да се добие целосна слика и за овие фактори на образовниот процес на Педагошкиот факултет.Следува приказот на резултатите од последното анкетирање на студентите за зимскиот и летниот семестар 2018/2019 година (резултатите и анализите од претходните анкетирања,т.е. за 2016/2017 и 2017/2018 година, се објавени во Прилогот).

*Анализа на анкетниот прашалник за студенти за зимскиот семестар 2018/19*

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот нааприли мај 2019. *Во анкетата учествуваа вкупно 278 студенти, од сите три јазични групи.* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на зимскиот семестар од учебната 2018/2019 година. Врз таа

основа, собрани се податоци за вкупно *38 постојани наставници и соработници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени во вкупно 89 наставни предмети (во опсег меѓу еден и четири по наставник) во збирната матрица.*Тие се обработени во соодветен статистички пакет (IBM SPSS 25.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Добиените резултати сугерираат нивона квалитетот на наставата и на односот од страна на наставниците, од гледна точка на испитаните студенти, повеќе или помалку во рамниште на просекот од неколкуте изминати учебни години. Ако за репер се земе, меѓутоа, зимскиот семестар од претходната учебна година (2017/18), севкупната просечна оценка за овој семестар е забележливо пониска (за 0,20, или поконкретно: 9,29 за 2017/18 наспроти 9,09 за 2018/19). Пониски се и оценките за сите парцијални параметри. Сепак, при тоа треба да се земе предвид дека просекот од претходниот зимски семестар (9,29) беше исклучително висок, рекорден откако се анализираат податоците за самоевалуација, па во таа смисла актуелниот пад и не е неочекуван. Во целина, тимот за самоевалуација останува на констатацијата дека *студентите на*

*Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје се мошне задоволни со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар.*

По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се главно изедначени. Со највисока оценка во овој семестар се пондерирани критериумите на *редовност и рационалност* (9,28), *стручната подготвеност на наставниците* (9,24) и *обезбеденоста со материјали* (9,22). На спротивниот крај, за нијанса послабо оценета од другите, се наоѓа *објективноста во оценувањето* (9,06). Овде не е вклучен критериумот на *тежината на барањата кон студентите и на самиот испит* (8,44), бидејќи износот на истиот сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Направена е и кратка анализа за рејтингот на наставниците во зависност од јазичната група и половата припадност.

Нешто повисоки оценки од своите студенти добиваат наставниците од македонската јазична група (9,19, во спредба со 9,29 во зимскиот семестар 2017/18), додека за нијанса послаб е просекот кај албанската група (9,11, во споредба со 9,32 во зимскиот семестар 2017/18). Најнизок е просекот кај наставниците од турската група (7,79), но со забелешка дека оваа јазична група има само 3 наставници и најмалку анкетирани студенти, па просечниот резултат е крајно чувствителен на секоја поединечна оценка. Куриозитет, во таа смисла, е што наставникот со највисоката (9,87), но и наставникот со најниската (6,30) просечна оценка припаѓаат на турската јазична група. Спроведениот АНОВА статистички тест открива дека посочената разлика е статистички значајна.

Кога во прашање е половата припадност, нешто повисоки просечни оценки добива наставниот кадар од женски пол (9,15) наспроти нивните машки колеги (8,98). Разликата и овде е статистички несигнификантна (т-тест за независни примероци).

*Анализа на анкетниот прашалник за студенти за летниот семестар 2018/19*

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на ноември и декември 2019. *Во анкетата учествуваа вкупно 231 студент, од сите три јазични групи*. Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на летниот семестар од учебната 2018/2019 година. Врз таа основа, собрани се податоци за вкупно *38 постојани наставници на Педагошкиот факултет, распоредени во вкупно 84 ангажмани на наставниците по наставните предмети од курикулумот на Педагошкиот факултет (во опсег меѓу еден и четири по наставник) во збирната матрица*. Истите тие се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 25.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите се изјаснуваат како мошне задоволни (просечна оценка 9,12*. Сепак, овој просечен показател *е забележливо под рамништето на трите претходни летни семестри – 9,27, 9,14 и 9,24),* така што постои реална основа да се констатира *одреден пад на степенот на задоволство на студентите со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар.*

По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се главно изедначени.

Со највисока оценка во овој семестар се пондерирани критериумите на *редовност и рационално користење на времето од страна на наставниците (9,31) и нивната стручна подготвеност (9,30).* Нешто послабо од другите параметри, како и претходните семестри, е вреднувана *објективноста во оценувањето* (9,06), при што сакаме да го потенцираме видливиот пад во споредба со претходниот летен семестар (9,27) (во оваа кратка анализа не е земен предвид критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,27), бидејќи неговиот износ сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

### *8.2.3. Анализа на анкетниот прашалник за студенти,администрација и услови за студирање, за учебната година 2018/19*

*Администрација*

Врз основа на собраните податоци од стандардниот прашалник, користен за истата цел и при анализите правени за претходните учебни години, евалуацијата на квалитетот во работата и во функционирањето на службите на Факултетот и за учебната 2018-19 година беше организирана како процена на квалитетот на работата на пет административни единици: (1) студентски прашања, (2) библиотека, (3) координатор за ЕКТС, (4) архива и (5) медијатека.

Во согласно со барањата наведени во прашалникот, вработените во наведените служби се оценувани според четири критериуми, сите на скала од 1 (најниско) до 5 (највисоко):

(а) професионалност

(б) љубезност

(в) брзина/исполнителност

(г) комплетен впечаток,

Анализата на податоците открива дека, како и во претходните години, највисоката просечна оценка од анкетираните студенти е наменета за

*Советникот за работа во медијатека (4,22),* при што особено е ценета категоријата љубезност (4,28). Повеќе од половина од испитаниците на овој административен сервис му имаат доделено највисока оценка (5). Нема разлики меѓу студентите од различните јазични групи во искажаните оценки за работата на овој административен сервис.

Висока просечна оценка добива и *Службата за студентски прашања (3,93),* што е добар показател, особено земајќи предвид дека овој административен сервис изминатите учебни години беше еден од најкритикуваните. И во овој случај највисоко оценет критериум е љубезноста (4,16). Овде, секако, треба да се земе предвид дека се работи за просечни оценки за административно тело составено од повеќе вработени, што подразбира одредени индивидуални разлики меѓу поединечните службеници. Студентите од македонско-турската јазична група се статистички значајно позадоволни од професионалноста (т-тест за независни примероци, $p<0,05$) на службениците од овој сервис, додека студентите од албанската група се незначително позадоволни од брзината и исполнителноста.

Архивата е оценета со севкупна просечна оценка 3,82. Четирите парцијални критериуми се речиси рамномерно оценети, со минимални меѓусебни разлики, при што за нијанса повисоко од другите е оценета професионалноста (3,87). Студентите од македонско-турската група се незначително позадоволни од покажаната професионалност и вкупниот впечаток.

Библиотеката е оценета со севкупна просечна оценка 3,49, што е на рамниште на претходните години. Највисока парцијална оценка има критериумот на љубезност (3,62%). Со привршувањето на активностите околу реновирањето на библиотеката несомнено ќе се создадат пооптимални услови за работа, што би требало да доведе до повисок квалитет на овој административен сервис. Студентите од албанската група се незначително позадоволни од покажаната професионалност.

Координаторот за ЕКТС севкупно е оценет со релативно пониска просечна оценка од 3,06, но тоа е резултат битно подобар во споредба со некои од изминатите години. Испитаните студенти се релативно критични кон степенот на

љубезност (2,99) од страна на овој административен сервис. Другите аспекти на работењето стојат подобро, а повторно, како и во изминатите години, најдобро е оценета професионалноста (3,11). Нема разлики меѓу студентите од различните јазични групи во искажаните оценки за работата на овој административен сервис.

Процена на Комисијата за самоевалуација е дека не би било издржано примерите на пониски просечни оценки кај дел од административните служби да бидат директно толкувани како резултат на лошото работење на овие служби при Факултетот, со оглед на тоа дека студентите најголемиот процент од трансакциите со администрацијата на Факултетот ги остваруваат токму преку службата за студентски прашања и координаторот за ЕКТС, а тука некаде може да се смести и библиотеката. Овој факт сам по себе може да значи дека најголемиот дел од акумулираниот критицизам кон други состојби би можеле да го проектираат токму кон нив.

*Услови за студирање*

Условите за студирање во анкетниот прашалник се дефинирани низ девет критериуми, опфатени со анкетниот прашалник: *училници/кабинети, опременост со компјутери, достапност на слободен интернет, хигиена, информираност за административни одлуки, факултетска веб-страница, корупција, дискриминација по различни основи и степен на заштитеност на студентските права*.

Во анкетата учествуваа 231 студенти, од сите три јазични групи.

Во целина, *анкетираните студенти и натаму остануваат главно критични кон понудата на Факултетот во овој домен, но не во толкава мера како при анкетирањата од поранешните години*. Просечната оценка за критериумите вреднувани на скала 1-5 изнесува мошне ниски 2,72, што, сепак, е нешто подобро од изминатите години (претходните анкети покажуваат севкупна просечна оценка во опсег 2,32 – 2,53), а за оние вреднувани на скала 1-3 изнесува многу добри 2,30 (претходни години опсег 2,14 – 2,52). Испитаните студенти најголем степен на незадоволство пројавуваат одможностите за користење на интернет на Факултетот (1,99) и, повторно, од општата хигиена и хигиената на

тоалетите (просечна оценка 2,10, што меѓутоа е подобрување во споредба со опсегот 1,32–1,95 од минатите години). Студентите се релативно задоволни од форматот и функционалната информативност на факултетската веб-страница (3,62) и од информираноста за важни административни одлуки (3,31). Но затоа критички се настроени кон состојбата на училниците/кабинетите (2,72, што е осетен пад во споредба со просекот 3,56 од претходната година).Евидентирани се и некои тенденции во анализираните ставови на студентите по овие прашања, од аспект на наставниот јазик, односно етничката припадност. Студентите од наставата по албански јазик се статистички значајно (т-тест за независни примероци, p<0,01) позадоволни во споредба со колегите кои студираат на македонски и турски јазик кај (а) степенот на сопствената информираност за битните административни одлуки и (б) функционалноста на факултетската веб-страница. Од друга страна, студентите на македонски и турски наставен јазик се значајно позадоволни од аспект на можните појави како (в) корупција и (д) дискриминација на студентот по разни основи.

Во Табела бр 9 е даден компаратвен приказ на просечните постигнати резултати по однос на сите прашања од спроведените анкетирања во текот на последниве три учебни години (со болд се обележанипросечно највисоките постигнувања).

***Табела бр.9***

| *Семестар* | *Подготвеност за предавања и вежби* | *Квалитет на наставата* | *Редовност на часовите* | *Достапност за консултации и* | *Однос кон студентот* | *Обезбеденост на материјали за учење* | *Усогласеност на вежбитеи предавањата* | *Корисност од изведените вежби* | *Објективност при оценувањето* | *Барања пред студентите* | *Редовност на студентот* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Зимски 2016/17* | *9,29* | *9,10* | *9,23* | *9,08* | *9,13* | *9,20* | *9,14* | *9,08* | *9,03* | *8,30* | *9,05* |
| *Летен 2016/17* | *9,42* | *9,30* | ***9,42*** | *9,28* | *9,33* | *9,42* | *9,38* | *9,28* | *9,24* | *8,34* | *9,24* |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Зимски 2017/18*** | ***9,49*** | ***9,38*** | ***9,42*** | *9,34* | ***9,42*** | ***9,47*** | *9,40* | ***9,35*** | ***9,30*** | *8,35* | ***9,29*** |
| *Летен 2017/18* | *9,38* | *9,32* | *9,39* | ***9,36*** | *9,35* | *9,46* | ***9,41*** | *9,34* | *9,27* | **8,46** | *9,27* |
| *Зимски 2018/19* | *9,24* | *9,12* | *9,28* | *9,12* | *9,15* | *9,22* | *9,14* | *9,10* | *9,06* | *8,44* | *9,09* |
| *Летен 2018/19* | *9,30* | *9,24* | *9,31* | *9,16* | *9,19* | *9,22* | *9,22* | *9,19* | *9,06* | *8,27* | *9,12* |

**SWOT-анализа**

***Предности (S)*** *– Добивање слика за организацијата на наставниот процес и наставно-соработничкиот кадар, квалитетот на услугите на административните служби и квалитетот на условите за студирање со цел коригирање на слабостите и нивно подобрување.*

***Слабости (W)*** *– Недоволна примена на корективни мерки во однос на укажаните слабости во анкетит. Честото анкетирање на студентите (по секој семестар) го оневозможува нивното објективно оценување прашањето за тежината на испититите и барањата на професорите доколку не ги имаат положено во сесијата по завршувањето на семестарот.*

***Можности (О)*** *– Можност за подобрување на комуникацијата и зголемување на соработката на академскиот кадар и административите служби со студентите.*

***Ограничувања (Т)*** *- Слаба организација кај студентите за остварување на нивните права и обврски, како и намален интерес за партиципација во студентскиот парламент.*

## 6.2. Студенти на ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Во учебната 2016/17 и 2017/2018 година на Педагошкиот факултет во Скопје на втор циклус студии се запишале вкупно 4 студенти, и тоа: 2 студенти на групата Одделенска настава на албански наставен јазик во учебната 2016/2017 година и 2

студенти на групата Одделенска настава на албански наставен јазик во учебната 2017/2018 година. На другите групи нема запишани студенти. Во учебната 2018/19 година се направи повторна реакредитација на постојните студии на групите Одделенска настава и Предучилишно воспитание, но бидејќи од страна на Одборот за акредитација одговорот се доби со задоцнување и во таа учебна година немавме запишани студенти на Педагошкиот факултет. Што се однесува до вториот циклус студии на групата Библиотекарство, во тек е реакредитацијата на студиската програма за едногодишните студии, бидејќи за двегодишните досега се немаат пријавено интересенти.

**SWOT-анализа**

***Предности (S)****- Добра покриеност на наставно-научните дисциплини на втор циклус студии со наставници со богато искуство во едукативната и во научноистражувачката дејност.*

***Слабости (W)*** *- Недоволна ангажираност на реномирани наставници од познати странски и домашни универзитети, како и на експерти од практиката. Мал број магистрирани студенти во предвидениот рок за втор циклус студии.*

***Можности (O)*** *- Можност преку разни проекти и апликации за студиски престој и професионално усовршување на наставниците во познати странски универзитети.*

***Ограничувања (T)*** *- Преголема ангажираност, од една страна, и недоволна застапеност, од друга страна, на одделни наставници во наставно-образовниот процес на постдипломските студии.*

## 6.3. Студенти на ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ

На третиот циклус студии, кој започна да работи во 2017 (студиската програма Образование на наставници за примарното образование), односно 2018 година (студиската програма Рано детско воспитание и образование),се запишани вкупно

4 кандидати, и тоа само на студиска програма Образование на наставници (за примарното образование). Во академската 2017/2018 година е запишан еден студент на албански наставен јазик, додека во академската 2018/2019 година се запишани 3 кандидати од кои двајца на македонски и еден на албански наставен јазик.

**SWOT-анализа**

***Предности (S)***- *Факултетот располага со квалитетен академски кадар кој има соработка и со странски универзитети. Факултетот располага со солидни материјални ресурси за изведување на наставата. Бројот на понудени предмети овозможува специјализација во избраните области од образованието.*

***Слабости ((W)*** **-** *Нема доволно финансиски средства за учество на научни конференции, симпозиуми и семинари. Недоволен број научни проекти во кој би се вклучиле студентите од III циклус. Релативно висока цена на студиите во споредба со животниот стандард во Република Македонија.*

***Можности (О)*** **-** *Има доволен број изборни предмети за потесна специјализација во дадените области и дисциплини. Отвореност на студиите кон меѓународни текови и можност за трансформација во поквалитетна форма.*

***Ограничувања (Т)*** *- Минимални буџетски средства за научно-истражувачка работа. Зајакната конкуренција при аплицирањето на меѓународните проекти. Влошена просечна материјално-финансиска состојба на студентите.*

### 6.4. Студентски активности

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници од студентите од Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Факултетското студентско собрание има 28 претставници на студентите. Кандидатите за претставници во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година,програма и наставен јазик се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание. Бројот на претставници по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии се утврдува со статутот на факултетското студентско собрание.

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избираат претседателот и факултетското студентско собрание.

На Педагошкиот факултет студентите се организирани во Студентскипарламент кој ги одразува интересите на неговите членови во наставно-образовниот процес, во доменот на студентските услуги, во културно-забавнатасфера итн. Студентите активно учествуваат во управувањето на Факултетот.Според Статутот на Факултетот, тие имаат свои претставници во Наставнонаучниот совет (по двајца од студиските групи на македонски и на албански јазик и еден од студиските групи на турски јазик), што значи вкупно пет претставници, со право на глас по сите прашања, освен за прашањата што сеоднесуваат за избор, реизбор и унапредување на наставниците исоработниците. Претседателот на Сојузот на студентите е член на Управата наФакултетот. Студентите, по правило, имаат и свои претставници во ситепозначајни комисии и тела што се формираат на Факултетот, а, во тој контекст,имаат и свои претставници во Комисијата за самоевалуација на ниво наФакултетот и во Поткомисиите за самоевалуација на студиските групи.

**SWOT-анализа**

***Предности (S)*** - *Стабилен интерес за студирање на Факултетот, голем број пријавени кандидати со просечен многу добар успех од средното*

*образование, реализација на задолжителна практична настава за сите студенти.*

***Слабости (W)*** *- Непостоење дополнителни критериуми за проверување на знаењата и способностите на кандидатите кои се пријавуваат на нашиот Факултет.*

***Можности (O)*** *- Големи можности за стекнување практично искуство на студентите преку реализација на практичната настава.*

***Ограничувања (T)*** *- Образовната политика на Владата на Република Северна Македонија со зголемување на бројот на нови универзитети, како и нискиот студентски стандард.*

## VII. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ

Наставата на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски" се одвива аудиториумски, но и со практични вежби со помали групи студенти (меѓу 5 и 20).Просторните услови за изведување на наставата на Факултетот, генерално, би можеле да се оценат како задоволителни. За аудиториумски предавања Факултетот располага со 1 амфитеатар (вкупна корисна површина 304 м2) и 16 предавални/вежбални (953 м2). Покрај тоа, егзистираат 2 компјутерски училници (106 м2), 3 специјално подготвени лаборатории за музички и визуелни изведби (144,6 м2), 1 просторија за изведување настава од областа на спортот (87 м2), 1 медијатека (51 м2) и 1 театарска сцена (52,5 м2). Релативен недостаток се јавува кај расположливиот простор за наставнички кабинети (16 простории, вкупно 256 м2).

Големо значење за практичното изведување на наставно-образовната дејност претставуваат и просторните капацитети на воспитно-образовните установи - градинките и основни училишта, во кои се реализираат хоспитациите од областа на методиките. За реализација на практичната настава за предучилишното воспитание Факултетот ја користи и детската градинка „Бисери", која функционира во состав на Факултетот.

И покрај неповолната финансиска состојба, во текот на последните три години Факултетот постојано прави напор за обновување како на некои од просториите, така и на дел од инсталираната опрема со цел да се подобрат условите за квалитетен и современ наставен процес. Дел од овие зафати се реализирани преку буџетски средства, дел од средствата доделени од УКИМ и дел од сопствените средства.

Една од поголемите зафати е обновувањето на библиотеката во текот на 2018 година со што се подобрени просторните услови откако се направија инфраструктурни интервенции. Конструиран е нов покрив и внатрешноста на библиотеката е реорганизирана. Направен е посебен дел за читална, додека книгите се складирани во посебен простори во кој може да се пристапи самопреку вработениот во библиотеката. Покрај тоа, направена е санација на штетите од земјотресот, како и на тоалетите на Факултетот во текот на 2017-2018 година.

Во моментов Педагошкиот факултет располага со 136 компјутерски деск-топ конфигурации, од нив 49 за потребите на наставниот кадар, 23 за административно-техничкиот кадар и 64 за потребите на студентите. Имено, во периодот 2016-2019 година Факултетот има набавено вкупно 53 нови компутери, од кои 8 се распределени за потребите на наставниот, 4 за потребите на административно-техничкиот кадар, а преостанатите 41 е заменет со ист број компјутери за потребите на студентите кои не беа во активна состојба.

Покрај компјутери, Факултетот во овој период има набавено 21 нов ЛЦД-проектор (2018 година) монтиран во предавалните за потребите на наставата, па така, за разлика од 7 во изминатиот извештаен период, сега располага со вкупно 28 проектори. Набавени се и 7 нови ласерски печатачи (2016-2017 година), што значи дека од 37 во текот на 2013-2016 година, нивниот број во текот на последниве три години е зголемен на 44. Факултетот воедно располага и со 46 таблети и една дигитална табла сместени во кабинетот за интерактивна настава, кои претставуваат донација од МОН како резултат на договорот потпишан меѓу МОН на РСМ и Агенцијата за меѓународна економска соработка на Министерството за трговија на Р. Кина реализирана преку Huawei Technologies CO Ltd Shenzhen во текот на 2016-2017 година (Табела бр. 9).

***Табела бр. 10***

| ***ИТ–опрема на Педагошкиот факултет*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Рб* | *Опис* | *до 2016* | *За потребите на* | *2016-2019* | *Вкупно* |
| *1* | *Компјутери деск-топ конфигурација* | *124* | *вкупно* | *53* | *136 (41 стари се вон употреба)* |
| | | *41* | *за наставници* | *8* | *49* |
| | | *19* | *административно технички кадар* | *4* | *23* |
| | | *64* | *за потребите на студентите* | *41* | *64 (41стари се заменети со нови)* |
| *2* | *Проектори* | *7* | | *21* | *28* |
| *3* | *Скенери* | *4* | | *0* | *4* |
| *4* | *Печатачи* | *37* | | *7* | *44* |
| *5* | *Таблети* | | | *46* | *46* |
| *6* | *Дигитална табла* | | | *1* | *1* |

**SWOT-анализа**

***Предности (S)*** *- Факултетот располага со солиден наставен простор, соодветен број стручни предавални, доволен број канцеларии за администрацијата. Наставната материја е добро покриена со книги и учебни помагала.*

***Слабости (W)*** *–Бројот на кабинети за академскиот кадар е помал од потребите. Недоволна поврзаност на Факултетот со соодветни информациски бази со институциите во земјава.*

***Можности (О)*** *- Просторните капацитети на факултетот обезбедуваат можности за преадаптација или доизградба на простории заради подобрување на ефективноста на наставата преку средства од Универзитетот или донации.*

***Ограничувања (Т)*** *- Тековното одржување на објектот и соодветното опремување на просториите. Недостиг на буџетски и сопствени средства за покривање на пошироки потреби во опремувањето на Факултетот.*

## VIII. ЛОГИСТИКА

Врз основа на член 30 од Правилникот за внатрешни односи и работењето на Педагошкиот факултет, во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за вршење на стручните и на стручно-административните работи на Факултетот, е формирана Стручна и административна служба како дел од интегрираната стучна и административна служба на Универзитетот. Со неа раководи секретарот на Факултетот кој за својата работа е одговорен пред деканот и генералниот секретар на Универзитетот. Стручната служба своите работи и работни задачи ги врши во следниве четири одделенија:

- одделение за правни и општи работи
- одделение за финансиско сметководствени и материјално работење
- одделение за библиотечно работење – библиотека
- одделение за студентски прашања

Одделението за правни и општи работи,покрај секретарот ја сочинуваатеден советник за деловно работење и еден самостоен референт за деловно работење.

Помошно техничкиот кадар се состои од седум вработени, од кои 4 хигиеничари, 2 чувари и 1 хаус-мајстор.

Одделението за финансиско сметководствени и материјално работење се состои од еден раководител, еден самостоен референт за благајна и еден самостоен референт за магацинско работење.

Службата за студентски прашања на Факултетот е организирана во посебна просторија. Во неа работат 4 советници за студентски прашања, а со неа треба да раководи раководител на Службата иако во моментов тоа работно место не е пополнето поради заминување во пензија. Поради подобрување на услугите кон студентите, Службата за втор циклус студии е одвоена во посебна просторија и е во ингеренции на советникот за ЕКТС. Од септември 2019 година е испразнето и местото на советник за ИКТ. Веќе неколку години наназад се практикува е-

пријавување на испитите во рамките на IKNOW-системот. Сите информации наменети за студентите се презентираат преку web-страницата на Факултетот и преку i-know-системот.

Одделението за библиотечно работење – Библиотекатаго сочинуваа еден советник за библиотечно работење и еден советник за работење во медиотека. Библиотекатана Факултетот го опслужува наставниот кадар на Факутетот, студентите и други корисници на информации и обезбедува материјали и услуги за поддршка на академските програми во рамките на наставата што се изведува на трите циклуси и на трите наставни јазици.

Библиотечниот фонд на Факултетот до 2016 година изнесува 18188 книги. Во текот на 2017 година со набавување на 75 нови изданија бројот се зголемува на 18263, додека во 2018 година со 61 нова едиција фондот го сочинуваат 18324 книги. Во 2019 година Библиотеката е обновена со уште 17 наслови со што вкупниот фонд на книги во моментов изнесува 18341. Дел од новонабавените книги се купени од страна на Факултетот, додека другите се подарок од УКИМ и МОН или, пак, од самите автори. Библиотеката воедно располага и со 4 периодични списанија (*Croatian Journal of Education, Türk Dili, Воспитни крстопати* и *Просветно дело*), како и со дневни весници.

**SWOT-анализа**

***Предности (S) -****Професионален и самостоен статус на кадровската структура во оперативните сервиси кон студентите и финансиското работење.*

***Слабости (W) -*** *Недостаток на административен кадар во некои одделенија на Стручната служба.*

***Можности (O)*** *- Компатибилност на податочните и функционалните структури, можности за вмрежување и други облици на интегрирање и содејство меѓу интерните логистички сервиси во рамките на Факултетот, но и во соодветните универзитетски сервиси.*

***Ограничувања (Т)*** - *Мали финансиски средства за набавка и опремување на некои административни и помошни служби. Недоволни средства за набавка на поголем број нови печатени изданија за проширување на библиотечниот фонд.*

## IX. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Во рамките на надворешната соработка, Педагошкиот факултет „Св Климент Охидски"-Скопје реализираше Меѓународни научни конгреси во кои Факултетот е коорганизатор, обезбеди учество на кадри во меѓународни собири и конференции во кои Факултетот нема организаторска улога, обезбеди присуство на визитинг професори кои реализираа предавања на теми што се соодветни на потребите на Факултетот. Покрај ова, Факултетот е издавач на списанието „Педагошка ревија" со меѓународен уредувачки одбор кое има за цел размена на искуства во меѓународни контексти.

По однос на меѓународните научни конгреси во кои Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје заедно со педагошките факултети во Стара Загора, Бугарија и во Едирне, Турција, како и Учителскиот факултет во Загреб, Хрватска е коорганизатор, реализирани се следните:

**2016:** *11. Međunarodna balkanska konferencija obrazovanja i znanosti „Budućnost Obrazovanja i Obrazovanje za Budućnost"12.-14. 10.2016, Poreč, Hrvatska.* Организатор на конгресот - Учителскит факултет во Загреб, Хрватска. Наставно-научниот кадар на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје учествуваше со 34учесници кои ги презентираа своите научни трудови.

**2017:** *12th International Balkan Education and Science Congress, Nessebar, 2017,*Education for life, work and well-being"**.** Организатор на конгресот - Педагошкиот факултет во Стара Загора, Бугарија. Наставно-научниот кадар на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" од Скопје учествуваше со пријавување на 31 научен труд кои беа презентирани и објавени во Зборник на трудови од Конгресот.

**2018:** *13th International Balkan Education and Science Congress, Edirne, Turkey, 6 -8.9.2018.* Организатор на конгресот - Педагошкиот факултет во Едирне, Турција. Од наставно-научниот кадар на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје се пријавија 28 учесницисо презентирани и објавени 23 научни трудови во Зборникот на трудови на Конгресот.

**2019:***14 Меѓународен балкански конгрес за образование и наука, што се одржа од 5-7 септември 2019 година во Охрид, Република Северна Македонија, 5-7-9-2019.*Организатор на конгресот - Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" од Скопје, со 145 учесници од кои 28 од наставно-научниот кадар на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Во периодот 2017-2019 година Факултетот реализираше настава со визитинг професори од странство, односно:

- серија предавања и работилници со наслов: „Дигиталните технологии во образованието, реализирани од проф. д-р Искра Попова, Универзитет во Стокхолм, Шведска, на 6-10 март 2017 година.
- предавања и работилници со наслови: „Дигитални компетенции на наставниците" и „Мобилни технологии во наставата" , реализирани од проф. д-р Мирослава Ристиќ, Универзитетот во Белград, Србија, Учителски факултет, на 25.04 -29.04.2018 г.

Факултетот има учество во меѓународни научно-истражувачки проекти, како: Еразмус + К2 проект на тема: *„Развој написменоста и учење на јазик за млади ученици во неповолна ситуација"*(Development of Literacy and Language Learning for Disadvantaged Young Learners - *DEAL*) во периодот 2018 -2020 г.Раководител на проектот во Р. С. Македонија е проф. д-р Маја Рауник Кирков, а учесници се: проф. д-р Весна Макашевска, проф. д-р Билјана Камчевска, проф. д-р Емиљ Сулејмани, проф. д-р Елизабета Бандиловска, проф. д-р Лулзим Адеми.

**SWOT анализа**

***Предности (S)*** *–Наставно-соработничкиот експертен потенцијал е на високо ниво, што овозможува интензивна соработка со многубројни странски*

*сродни институции.*

***Слабости (W)*** *- Рестриктивност во пристапните меѓународни финасиски фондови и партнерските односи за заеднички настап на меѓународни проекти од повисоки инвестициони нивоа.*

***Можности (О)*** *- Вклучување во европски проекти за наставно-образовна и научна соработка.*

***Ограничувања (Т)*** *- Ограничена финансиска моќ на факултетот за партиципација во сопствени и заеднички меѓународни проекти по сите дејности.*

## X. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност на Факултетот се испреплетува со активностите кои се однесуваат на Меѓународната соработка, но поконкретно во овој дел се издвоени само научно-истражувачките проекти кои имаат национален карактер, како и работилницата за согледување на степенот на поврзаноста на програмата за едукација на воспитувачи со практиката, реализирана во Охрид на 13-14.12.2018 г. Триесет од споменатите научно-истражувачки проекти се финансирани од Факултетот, додека четири од нив се финансирани во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

Научно-истражувачки проекти финансирани од средства на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за2017, 2018 и 2019 година:

2017 година:

1. *„Религиска припадност на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“и нивниот однос кон религиската различност“*.Главен истражувач:проф. д-р Емиљ Сулејмани.
2. *„Дијагностицирање на состојбите и предлог-мерки за рано откривање и развивање на надареноста кај учениците во основното образование“*.Главен истражувач:проф. д-р Билјана Камчевска.

3. *„Ставови и мислења на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ за квалитетот на иницијалното образование на идните наставници и воспитувачи“*.Главен истражувач:проф. д-р Розалина Попова Коскарова.
4. *„Холистичко - интегративни концепти за социо-емоционален развој кај децата од предучиишна возраст – програмски основи и практики“*. Главен истражувач:проф. д-р Татјана Котева Мојсовска.
5. *„Математичкото образование на одделенските наставници“*. Главен истражувач:проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ.
6. *„Влијанието на образованието и стручното усовршување на библиотечниот кадар врз квалитетот на библиотечната дејност во училишните библиотеки“*. Главен истражувач:проф. д-р Сузана Котовчевска.
7. *„Влијанието на медиумите и списанијата за деца врзвоспитно-образовната работа по културата на говоротво форматизирањето на детскиот речник“*. Главен истражувач:проф. д-р Мито Спасевски.
8. *„Следење и оценување на учениците од 1-3 одделение во основното училиште“*. Главен истражувач:проф. д-р Сузана НикодиновскаБанчотовска.
9. *„Учебниците и учебните помагала по предметот македонски јазик во одделенска настава“*. Главен истражувач:проф. д-р Благица Петковска.

2018 година:

1. *„Автономија на воспитувачот и педагошкото водење во предучилишното воспитание и образование“*. Главен истражувач: проф. д-р Татјана Котева Мојсовска.
2. *„Унапредување на наставата од природонаучното и општественото подрачје во првиот развоен циклус од основното образование со примена на методски карти“*. Главен истражувач: проф. д-р Билјана Камчевска.
3. *„Степенот на острученост на кадарот по одделенска настава и интензитетот на успешното реализирање на наставните содржини*

*со литературно творештво за деца во одделенска настава“*. Главен истражувач:проф. д-р Мито Спасевски.

4. *„Ставови и мислења на наставниците во основното образование за угледот и авторитетот на наставничката професија во денешно време“*. Главен истражувач:проф. д-р Розалина Попова Коскарова.
5. *„Трендови во уверувањата на идните одделенски наставници и воспитувачи за природата на знаењата, учењето и поучувањето математика“*. Главен истражувач: проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ.
6. *„Улогата на педагошките факултети во иницијалното образование и професионалното усовршување на наставниците од одделенската настава во основното училиште“*. Главен истражувач: проф. д-р Сузана НикодиновскаБанчотовска.
7. *„Раритетни збирки во НУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје“*. Главен истражувач: проф. д-р Виолета Мартиновска.
8. *„Функционалноста на наставната практика за јазична писменост во основното образование во Р. Македонија“*. Главен истражувач: проф. д-р Благица Петковска.
9. *„Креативна примена на театар за деца во рана детска едукација“*. Главен истражувач: проф. д-р Мариета Петрова.

2019 година:

1. *„Нови пристапи во структурата на прирачната литература во предучилишното воспитание и образование(теориски принципи и конструктивни решенија)“*. Главен истражувач: проф. д-р Билјана Камчевска.
2. *„Клучните европски компетенции во образованието низ призмата на наставните програми во одделенската настава“*. Главен истражувач: проф. д-р Розалина Попова Коскарова.
3. *„Аспекти на соработка на педагошките факултети со владин и невладин сектор и очекувани ефекти врз нивната дејност“*. Главни истражувачи: проф. д-р Флорина Шеху, проф. д-р Емил Сулејмани.

4. *„Просоцијалното однесување и емоционалната зрелост како индикатори на преференциите и навиките во користењето на социјалните мрежи кај ученици од петто одделение“.* Главен истражувач: проф. д-р Зоран Михајловски.
5. *„Стратегии за развој на креативното мислење кај децата од предучилишната возраст“.* Главен истражувач: проф. д-р Весна Макашевска.
6. *„Влијанието на образовниот профил на библиотечниот кадар врз ефикасно функционирање на училишните библиотеки“.* Главен истражувач: проф. д-р Сузана Котовчевска.
7. *„Библиотеката на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје –нови предизвици“.* Главен истражувач: проф. д-р Виолета Мартиновска.
8. *„Педагошките факултети како носители на иницијалното образование и професионално усовршување на воспитувачите во предучилишните установи“.* Главен истражувач:: проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска.
9. *„Критичко читање, изразно читање и говорење на учениците од 5-то одд. на часот по македонски јазик во Р. Северна Македонија“.* Главен истражувач: доц. д-р Анита Штерјоска Митреска.
10. *„Влијание на елементарните игри врз социјализацијата на учениците од раната училишна возраст“.* Главен истражувач: проф. д-р Марјан Малцев.
11. *„Влијание на етничката сегрегација во основното образование врз перцепцијата на етнички и религиски другиот“.* Главен истражувач: проф. д-р Душка Матевска.
12. *„Монтесори едукација за мир, креирање на мир во себе и надвор од себе“.* Главен истражувач: проф. д-р Мариета Петрова.

Научно-истражувачки проекти финансирани од средства на УКИМ:

**2016 г.** *„Пример за извонредност во креирање на дидактички игри со холистички пристап во предучилишно воспитание и образование“.* Главен истражувач: проф. д-р Марјан Малцев.

**2017 г.** *„Можности за интегрирање на наставните цели, содржини и предмети во развојниот период од прво до трето одделение“***.** Главни истражувачи: проф. д-р Флорина Шеху и проф. д-р Теута Шабани.

**2018 г.** *„Интелектуалните способности, академските постигања и видот на студии кај студентите од УКИМ како можни фактори на навиките, преференциите и очекувањата во користењето на социјалните мрежи“.* Главен истражувач: проф. д-р Зоран Михајловски.

**2019 г.** *„Перцепција на студентите за функцијата и за поставеноста на иницијалното образование на воспитувачите и наставниците во интерес на развој и промени“.* Главен истражувач: проф. д-р Татјана Котева Мојсовска.

*Работилница за согледување на степенот на поврзаноста на програмата за едукација на воспитувачи со практиката*

Со цел да се согледаат состојбите на поврзаноста на студиите за воспитувачи со практиката и да се изнајдат соодветни стратегии за натамошен развој, Факултетот реализираше работилница на тема: „Современи тенденции во високото образование на воспитувачите и поврзноста со практиката“, која се одржа во Охрид на 13 и 14.12.2018 година.Работилницата беше организирана од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, УКИМ и Фондацијата Отворено општество – Македонија и се состоеше од три дела: Пленарен дел, поединечни секции и заклучни согледувања. Пленарни излагачи на работилницата беа: проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, проф. д-р Флорина Шеху и проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска. Врз основа на темите од пленарните излагања се реализираа посебни секции по кои се донесоа одредени заклучоци презентирани од: проф. д-р Весна Макашевска, проф. д-р Маја Рауник Кирков и проф. д-р Љуљзим Алиу. Цел на работилницата беше да се анализираат и да се дефинираат можностите за унапредување на поврзаноста меѓу

иницијалното образование на воспитувачите и практиката од аспект на интегративните пристапи кон учењето и трансферот на знаење, курикулумската поставеност, професионалните обуки и развојот на кадарот.

**SWOT - анализа**

**Предности (S)** - *Научно-стручна и практична подготвеност на наставниот кадар за конципирање и реализација на научни проекти.*

**Слабости (W)** – *Недоволен пристап до меѓународните финансиски фондови со што се оневозможува заеднички настап на меѓународни научно-истражувачки проекти.*

***Можности (О)*** - *Финансирање на проекти од Министерството за образование и наука. Кандидатски статус на државата во ЕУ.*

***Ограничувања (*Т)** - *Недостиг на финансии и ресурси за основни развојни научноистражувачки проекти.*

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ

Како што е вообичаено, факултетот „Св. Климент Охридски" во Скопје покрај основните финансиски средства од буџетот на РСМ., ги користи и средствата од партиципацијата на трошоците за студирање и од кофинансирање на трошоците за студирање од страна на студентите, преку приходи од давање задолжителни услуги и други извори. Буџетските трошоци и приходи за работењето на факултетот во 2017, 2018, заклучно со 31.10.2019 се дадени во Табелата 11 и Табела 12, а се преземениод Одделението за финансиско сметководствено и материјално работење:

***Табела 11:***

*Трошоци за работењето на факултетот*

| Год | Буџет средства | Расходи Сопствена сметка | Вкуп. расход | Втор цик.ст трошок | Други неданочни прих. | Чист расход | Бр. на студенти | Цена на чинење по студент | Удел на буџедските средства | 723012-012 Партиц.од Студенти | Удел на студ. партиц во студ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 30637884 | 25544275 | 56182159 | 205983 | 702970 | 55273206 | 973 | 56807 | 55.43% | 16153890 | 29,23% |
| 2018 | 31353112 | 22915658 | 54268770 | 118191 | 880335 | 53270244 | 985 | 54081 | 58,86% | 15853489 | 29.76% |
| 31.10.2019 | 25729875 | 15906700 | 41636575 | 160948 | 794901 | 40680726 | | 41300 | 63,25 | 14559950 | 35,79 |

***Табела 12:***

*Приходи од работењето на факултетот*

| Год | Буџет средства | Расходи Сопствена сметка | Вкуп. расход | Удел на буџет от % | Пренесен вишок | Чисти сопствени | Вкупно чисти без пренесен вишок |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 30637884 | 36365018 | 67002902 | 45,73 | 12970874 | 23394144 | 54032028 |
| 2018 | 31353112 | 32196921 | 63550033 | 49,34 | 10794529 | 21402392 | 52755504 |
| 31.10 2019 | 25730434 | 28350593 | 54081027 | 47,58 | 9230640 | 19119953 | 44850387 |

| Удел на буџетот % | Втор циклус на студии | 725939 | Сопствени | Чисти | Удел на буџетот % | 723012-012 Партиципација | Удел на партиципација во вкупниот приход % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 56,70 | 184664 | 702970 | 22506510 | 53144394 | 57,65 | 16153890 | 30,40 |
| 59,43 | 287829 | 880335 | 20234228 | 51587340 | 60,78 | 15853489 | 30,73 |
| 57,37 | 280347 | 794901 | 18044705 | 43775139 | 58,78 | 14559950 | 33,26 |

**SWOT- анализа**

***Предности (S)*** *-Финансиското работење на факултетот се темели на два независни извора: буџетски и сопствен. Висок процент на учество на сопствените средства во извршувањето на основната дејност на факултетот.*

***Слабости (W)*** *– Комуналните трошоци кои паѓаат на товар на факултетот, како и буџетскиот дел кој учествува со 49,3 %, придонесуваат за континуирано намалување на приходите. Недоволен фонд за научно-истражувачка работа на Факултетот.*

***Можности (О)*** *– Постојат можности и перспективи за понатамошно зголемување на сопствените средства преку ширење на сопствената дејност како правен субјект.Со евентуално подобрување на економската состојба се очекува зголемување на буџетските средства наменети за високото образование.*

***Ограничувања (***Т***)*** *– Најголемото ограничувачко влијание е неповолната економска состојба на земјата, како и политиките на ресорното министерство кои влијаат врз можностите за обезбедување на значително повеќе финансиски средства за финансирање на дејноста на Факултетот. Недоволни нови вработувања на наставниот кадар и административниот персонал.*

## XII. ЗАКЛУЧОЦИ И SWOT АНАЛИЗА

Комисијата за самоевалуација по извршената SWOT анализа по одделните сегменти на самоевалуацијата, во овој заклучок сумарно ги прикажува утврдените силни и слаби страни на Факултетот и на академскиот кадар.

***Предности (S):***

- *Компетентен наставно-научен кадар;*
- *Висок степен на компатибилност на студиските програми со меѓународните стандарди;*
- *Квалитетни и функционални студиски и предметни програми на трите циклуси студии;*
- *Висок степен на специјализираност и тесна поврзаност на студиските програми со профилот на дипломираните студенти;*
- *Долга традиција и препознатливост на националниот образовен пазар;*
- *Активна научно-истражувачка дејност на кадарот;*
- *Соодветни методи и специфични форми за изведување на наставата и за проверка на знаењата на студентите;*
- *Овозможување практична примена на вештините на студентите преку практичната настава во образовните и културните институции;*
- *Висока средна оценка за наставниците во студентските анкети;*
- *Учество на наставниот кадар на семинари и научни собири во земјава и во странство;*
- *Солидни просторно-технички и материјални услови;*
- *Стручна и ефикасна правна и административна служба;*

***Слаби страни (W)****:*

- *Недоволна размена на академски кадар со странски високообразовни установи и финансиска поддршка за стручно усовршување;*
- *Недоволен број визитинг професори;*
- *Слаба реализација на студентска мобилност преку програмите на Европската комисија;*
- *Отсуство на странски студенти;*
- *Отсуство на студиски програми на англиски јазик;*

- *Намален интерес за упис на студентите на вториот циклус на студии;*
- *Ограничен пристап на Факултетот и Универзитетот до соодветни бази на научни и стручни трудови;*
- *Мал број активности на студентскиот парламент;*
- *Застареност или нефункционирање на дел од компјутерската и дигиталната опрема;*
- *Недоволно обновување на библиотечниот фонд**;***
- *Недоволен број стручно-административен кадар;*
- *Отсуство на соработнички кадар;*
- *Недоволно вработување на наставно-научен кадар;*
- *Мал број меѓународни проекти;*
- *Недоволно сопствени финансиски средства за инвестиции;*
- *Висок степен на финансиска зависност.*

***Можности (О)**:*

- *Продлабочување на официјалната соработка која ја има Факултетот со голем број реномирани странски универзитети и факултети преку конкретни заемни активности;*
- *Искористување на можностите за учество во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД, Еразмус + и други меѓународни извори и фондови;*
- *Креирање програми за континуирано образование и разни видови на обуки и едукации како одговор на растечката и разновидна побарувачка на пазарот;*
- *Креирање и ставање во функција на алумни мрежата во насока на поголема соработка со нејзините членови.*

***Ограничувања (Т)**:*

- *Рестриктивна политика за нови вработувања на соработнички и*

*стручен кадар во континуитет;*

- *Зголемена и делумно нелојална конкуренција;*
- *Неконзистентност на високообразовните политики и чести законски измени кои не се засновани на долгорочна стратегија за развој на високото образование;*
- *Отсуство на алтернативни можности за финансирање на студирањето на втор и трет циклус студии;*
- *Неповолни демографски трендови.*

## XIII. ПРЕДЛОГ-КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

Процесот на самоевалуацијата на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски" во Скопје во образовниот систем на Република Северна Македонија, како дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", се спроведе во рамките на истражувачка процедура која се одвиваше низ следниве етапи:

- Утврдување на моменталната состојба, преку користење на примарни и секундарни податоци и информации генерирани од службите и организациските единици на Факултетот;
- Утврдување на причините за фактичките состојби;
- Предлог на конкретни корективни мерки за нивно подобрување.

По извршената анализа и по утврдувањето на сумарните силни и слаби страни во заклучокот на овој Извештај, како консеквентно завршување на процесот на самоевалуација, Комисијата предлага низа корективни мерки како еден вид препорака до менаџментот за отстранување на лоцираните слабости.

Предложените корективни мерки се во корелација со посочените слаби страни во функционирањето на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" и на академскиот кадар прикажани во заклучокот на овој Извештај. Мерките што

треба да се реализираат се однесуваат на надминување на недостатоците и се во насока на:

- Надминување на недостигот на професорски, соработнички и административен кадар кој по големата смена на генерациите во следните години сериозно ќе го доведе во прашање неговиот понатамошен развој;
- Натамошно редизајнирање и усовршување на студиските програми;
- Отворање нови студиски програми од областа на образованието во согласност со потребите на пазарот;
- Воведување на заеднички студиски програми во соработка со домашни и странски установи;
- Интензивирање на студиите од втор и трет циклус;
- Одржување интензивна комуникација и соработката со надлежните министерства за добивање согласност за вработување на потребниот академски и административен кадар;
- Аплицирање за проекти и програми кај меѓународни институции и фондови;
- Воспоставување нови или зацврстување на постојните контакти со што повеќе странски високообразовни установи преку потпишување на билатерални договори за соработка;
- Обезбедување финансиска поддршка на научно-истражувачките и публицистичките активности на наставниот кадар;
- Активирање на програми за континуирано образование: обуки за практичари, специјалистички курсеви, семинари и советувања;
- Зголемување на бројот на странски студенти со намалување на цената на студиите;
- Стимулирање на наставно-научниот кадар и студентите за поголемо вклучување во програмите за мобилност на Европската комисија;
- Ангажирање поголем број визитинг професори за изведување проектна

настава и учество во проекти;

- Кадровско доекипирање на административно-студентската служба;
- Подготвување стратегија за поголемо учество на Факултетот во креирањето на образовната и културната политика во Државата;
- Зголемување на траењето на педагошкиот стаж;
- Разгледување на можности за реализирање на педагошкиот стаж на студентите во соодветни образовни и културни институции во странство;
- Редуцирање на бројот на анкетирањето на студентите на еднаш наместо два пати во текот на учебната година во интерес на нивното пообјективно оценување на сите сегменти од процесот на студирање;
- Преземање на конкретни мерки и обврски во однос на имплементирањето на предлозите и корективните мерки.

## XIV. АКТИ И ДОКУМЕНТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

- *Закон за високо образование* (Сл. весник на Р. Македонија броеви: 30/16,120/16, 127/16, 82/18)
- *Извештај* од Службата за студентски прашањана Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски" во Скопје за бројот на дипломирани студенти во академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 година
- Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски" во Скопје, во состав на Универзите ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XIV, број 287, 3 април 2014 година)
- *Решение бр. 13-8165/4 од 3.08.2013 г. за почеток на работата на студиите од прв циклус за студиската програма по Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство*

- *Решение бр. 1409-73/5 од 18.05.2018 за акредитација на студиската програма Одделенска настава прв циклус студии*
- *Решение бр. 1409-73/6 од 18.5.2018 за акредитација на студиската програма Предучилишно воспитание прв циклус студии*
- *Решение УП1 бр. 14 1201 од 22.05.2018 за почеток на работата на студиските програми од прв циклус студии по Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство*
- *Решение бр. 1409-73/7 од 11.07.2018 за акредитација на студиската програма Библиотекарство прв циклус студии*
- *Решение УП1 бр. 14-1562 од 22.08.2018 за почеток на работата на студиската програма по Библиотекарство*
- *Решение бр. 1409-73/8 од 29.10.2018 за акредитација на студиската програма по Одделенска настава втор циклус студии*
- *Решение бр. 1409-73/9 од 16.10.2018 за акредитација на студиската програма по Предучилишно воспитание втор циклус студии*
- *Решение УП1 бр. 14 2018-3152 од 8.8.2019 за почеток на работата на студиските програми по Одделенска настава и Предучилишно воспитание втор циклус студии*
- *Решение бр. 13-6156/4 од 7.07.2014 за почеток на работата на студиските програми од втор циклус по Библиотекарство*
- *Решение бр. 282/3 од 18.1.2017 година за акредитација на студиската програма Образование на наставници (примарно образование) трет циклус студии*
- *Решение УП1 бр. 14-2995 од 22.03.2018 за почеток на работата на студиската програма Рано детско воспитание и образование трет циклус студии*
- *Решение бр. 21-611/5 од 13.07.2017 за почеток на работата на студиската програма Образование на наставници (примарно образование) трет циклус студии;*
- *Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"* во Скопје од 24 јули 2013 година)

- *Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот* донесено од Универзитетскиот сенат на 9-та седница одржана на 30.04.2013 год. врз основа на член 77 став 4 од ЗВО (Сл. весник на РСМ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2019, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 23/2014)
- *70 години просвета, образование, наука - Виша педагошка школа, Педагошка академија „Св. Климент Охридски“, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“* – Монографија. 2017. Маг-ан дизајн. Скопје

# XV. ПРИЛОЗИ

## 15.1. Анализи и резултати од анкетирањето на студентите за периодот 2016/2017 и 2017/2018 година

### Анализа на анкетен прашалник за студенти

### (САМОЕВАЛУАЦИЈА 2016/17, ЗИМСКИ семестар)

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот намарт 2017. *Во анкетата учествуваа вкупно 278 студенти, од сите три јазични групи.* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на зимскиот семестар од учебната 2016/2017 година. Врз таа основа, собрани се податоци за вкупно *37 постојани наставници и соработници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени во вкупно 83 наставни предмети (во опсег меѓу еден и четири по наставник) во збирната матрица.*Тие се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 17.0) и се анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите и понатаму се мошне задоволни (просечна оценка 9,05) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар*. По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се главно изедначени. Со највисока оценка во овој семестар е пондериран критериумот на *редовноста и рационалното користење на времето* (9,23), а следуваат*обезбеденоста со материјали за учење и подготвување на испитите* (9,20) и *стручната подготвеност на наставниците*. На спротивниот крај се *објективноста во оценувањето* (9,03), *достапноста за комуникација* и *корисноста од вежбите* (9,08). Овде не го сметаме критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,30), бидејќи неговиот износ сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

## Анализа на анкетен прашалник за студенти

## (САМОЕВАЛУАЦИЈА 2016/17, ЛЕТЕН семестар)

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на ноември и декември 2017. *Во анкетата учествуваа вкупно 206 студенти, од сите три јазични групи*. Дадените

одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на летниот семестар од учебната 2016/2017 година. Врз таа основа, собрани се податоци за вкупно *36 постојани наставници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени во вкупно 68 наставни предмети (во опсег меѓу еден и пет по наставник) во збирната матрица.*Тие се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 25.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите се изјаснуваат како позадоволни (просечна оценка 9,24, што е забележливо над рамништето на претходниот летен семестар – 9,14) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар.* По парцијални параметри, просечните оценки според различните критериуми се главно изедначени и сите, без исклучок,се повисоки од ланскиот летен семестар.

Со највисока оценка во овој семестар се пондерирани критериумите на *стручна подготвеност, редовност и рационалност, заклучно со односот кон студентот и обезбеденоста со материјали* (9,42). Нешто послабо од другите

параметри се вреднувани *достапност за комуникација и корисноста од вежбите* (9,28), како и *објективноста во оценувањето* (9,24). Овде не го земаме предвид критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,34), бидејќи неговиот износ сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

**Анализа на анкетен прашалник за студенти**

**(САМОЕВАЛУАЦИЈА 2017/18, ЗИМСКИ семестар)**

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на март и април 2018. *Во анкетата учествуваа вкупно 299 студенти, од сите три јазични групи.* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на зимскиот семестар од учебната 2017/2018 година. Врз таа основа, собрани се податоци за вкупно *37 постојани наставници и соработници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени во вкупно 89 наставни предмети (во опсег меѓу еден и четири по наставник) во збирната матрица.*Тие се обработени во соодветен статистички пакет (IBM SPSS 25.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Добиените резултати сугерираат *исклучително висок раст* на квалитетот на наставата и на односот од страна на наставниците, од гледна точка на испитаните студенти, во буквално сите испитани параметри. Ако за репер се земе, на пример, зимскиот семестар од претходната учебна година (2016/17), порастот на ионака високата севкупна просечна оценка е во значаен износ од 0,24 (поконкретно: 9,05 за 2016/17 наспроти 9,29 за 2017/18). Во целина, се наметнува констатацијата дека *студентите стануваат прогресивно сѐ повеќе задоволни со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје.*

По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се главно изедначени. Со највисока оценка во овој семестар се пондерирани критериумите на *стручната подготвеност на наставниците* (9,49) и *обезбеденоста со материјали за учење и подготвување на испитите* (9,47). На спротивниот крај, за нијанса послабо оценета од другите, се наоѓа *објективноста во оценувањето* (9,30). Овде не е вклучен критериумот на *тежината на барањата кон студентите и на самиот испит* (8,35), бидејќи неговиот износ сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Направивме и кратка анализа за рејтингот на наставниците во зависност од јазичната група и половата припадност.

Не е евидентирана статистички сигнификантна разлика (АНОВА тест) според наставниот јазик, но нешто повисоки оценки од своите студенти добиваат наставниците од албанската јазична група (9,32), додека за нијанса послаб е просекот кај македонската група (9,29). Најнизок е просекот кај наставниците од турската група (8,93), но со забелешка дека оваа јазична група има само 3 наставници и најмалку анкетирани студенти, па просечниот резултат е крајно чувствителен на секоја поединечна оценка.

Слична е ситуацијата и кај половата припадност, со нешто повисоки просечни оценки за наставниот кадар од женски пол (9,30) наспроти машкиот (9,23). Разликата и овде е статистички несигнификантна (т-тест за независни примероци).

**Анализа на анкетен прашалник за студенти**

**(САМОЕВАЛУАЦИЈА 2017/18, ЛЕТЕН семестар)**

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на ноември и декември 2018. *Во анкетата учествуваа вкупно 232 студенти, од сите три јазични групи.* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на летниот семестар од учебната 2017/2018 година. Врз таа основа, собрани се податоци за вкупно *38 постојани наставници на Педагошкиот факултет, распоредени во вкупно 116 ангажмани на наставниците по наставните предмети од курикулумот на Педагошкиот факултет (во опсег меѓу еден и пет по наставник) во збирната матрица.*Тие се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 25.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите се изјаснуваат како мошне задоволни (просечна оценка 9,27, што е забележливо над рамништето на двата претходни летни семестра – 9,14 и 9,24) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар.* По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се главно изедначени и во поголем број случаи уште повисоки од, досега, рекордно високо оценетиот лански (2017-2018) летен семестар.

Со највисока оценка во овој семестар се пондерирани критериумите на *обезбеденост со материјали (9,46), усогласеност на предавањата со вежбите (9,41), редовност и рационално користење на времето од страна на наставниците (9,39), заклучно со нивната стручна подготвеност (9,38).* Нешто послабо од другите параметри, како и претходните семестри, е вреднувана *објективноста во оценувањето* (9,27). Во оваа кратка анализа не е земен предвид критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,46), бидејќи неговиот износ сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

**Евалуација на работата на администрацијата (2016-2017)**

Според стандардниот прашалник користен и во претходните години, евалуацијата на службите на Факултетот и за учебната 2016-17 година беше базирана врз изјаснувањето на студентите за петте административни единици: архива, библиотека, координатор за ЕКТС, медиатека и студентски прашања.*Во* согласност со барањата наведени во прашалникот, вработените во наведените служби се оценувани според четири парцијални критериуми, сите на скала од 1 (најниско) до 5 (највисоко):

(а) професионалност

(б) љубезност

(в) брзина/исполнителност

(г) комплетен впечаток

Анализата на податоците открива дека Службата за студентски прашања (просечна севкупна оценка 3,06) и координаторот за ЕКТС (2,42) се повторно (како и во претходната учебна година) најслабо вреднувани во споредба со другите административни единици. Процена на Комисијата за самоевалуација е дека не би било издржано посочените ниски оценки да бидат директно толкувани како резултат на лошото работење на посочените служби при Факултетот, со оглед на тоа дека студентите далеку најголемиот процент од трансакциите со администрацијата на Факултетот ги остваруваат токму преку Службата за студентски прашања и координаторот за ЕКТС. Овој факт сам по себе може да значи дека најголемиот дел од акумулираниот критицизам кон службите од ваков вид ги проектираат кон нив, особено кон Службата за студентски прашања.

Архивата е оценета со севкупна просечна оценка 4,11. Сите четири парцијални критериуми се мошне рамномерно оценети, при што за нијанса повисоко од другите се оценети професионалноста (4,29) и брзината/исполнителноста (4,15).

Библиотеката е оценета со севкупна просечна оценка 3,22, што е битно послабо во споредба со минатата учебна година. Сепак, тука мора да се земе предвид

дека поради последиците од земјотресот од септември 2016 година, просториите на библиотеката беа надвор од функција повеќе месеци, состојба која објективно мора да влијае врз впечатоците и оценките на студентите за овој административен сервис.

Координаторот за ЕКТС севкупно е оценет со 2,42. Испитаните студенти најмногу се критични кон степенот на љубезност (2,29) од страна на овој административен сервис. Другите аспекти на работењето стојат нешто подобро, а најдобро е оценета професионалноста (2,57).

Медиатеката и за предметната учебна година е оценета со највисока севкупна оценка (4,46), со посебен акцент врз љубезноста (4,54) и професионалноста (4,51) на административното лице од овој сервис.

Службата за студентски прашања севкупно е оценета со просечна оценка 3,06. По поединечни критериуми, испитаните студенти се најмалку критички настроени кон професионалноста (3,22), а слично на минатата учебна година најмногу кон брзината/исполнителноста (2,43). Љубезноста на службениците е оценета со 2,88. Овде, секако, треба да се земе предвид дека се работи за просечни оценки за административно тело составено од повеќе вработени, што подразбира одредени индивидуални разлики меѓу поединечните службеници.

### Евалуација на условите за студирање за 2016/2017 година

Условите за студирање во анкетниот прашалник се дефинирани низ девет критериуми, опфатени со анкетниот прашалник: *училници/кабинети, опременост со компјутери, достапност на слободен интернет, хигиена, информираност за административни одлуки, факултетска веб-страница, корупција, дискриминација по различни основи и степен на заштитеност на студентските права.*

Анализата на изречените ставови и процени сугерира дека *студентите остануваат изразито критични кон понудата на Факултетот во овој домен.* Просечната оценка за критериумите вреднувани на скала 1-5 изнесува мошне

ниски 2,47 (претходната анкета од 2015 покажа нешто подобри 2,53, а од 2013 година покажа пониски 2,32), додека за оние вреднувани на скала 1-3 изнесува 2,33 (2,48 во 2015 односно 2,14 во 2013). Следуваат неколку поилустративни показатели.

Состојбата на училниците и кабинетите генерално е оценета со потпросечна оценка. Најголемиот дел (близу половина, т.е. 48,35%) од испитаните студенти на ова прашање ја дале оценката „просечно" (3). Само 3 испитаници се изјасниле дека состојбата е „одлична" (5). *Просечна оценка 2,88.*

Опременоста со компјутери студентите ја оценуваат нешто поповолно во споредба со училниците. Околу 1/3 (34,11%) од студентите на ова прашање доделуваат просечна оценка (3), двете најниски понудени оценки: „незадоволително" (2) или, пак, „лошо" (1) се јавуваат кај приближно два од пет испитаници (39,19%). *Просечна оценка 2,96.*

Новите технички можности за слободна употреба на безжичен вај-фај интернет преку факултетската безжична интернет мрежа очигледно наоѓаат одраз и во просечната оценка доделена од страна на испитаните студенти, која е забележливо повисока од претходната година. *Просечна оценка 2,99.*

Испитаниците се критички настроени кон состојбата со хигиената низ факултетските простории и санитарни јазли. Повеќе од 3/5 од анкетираните студенти (61,77%) ја оцениле состојбата на овие простории со оценките „лошо" (1) или „незадоволително" (2). *Просечна оценка 1,69.*

**Евалуација на работата на администрацијата за 2017-2018 година**

Следејќи ги резултатите од стандардниот прашалник користен и во анализите на претходните учебни години, евалуацијата на работата и функционирањето на службите на Факултетот и за учебната 2017-18 година беше базирана врз изјаснувањето на студентите за квалитетот на работата на пет административни единици: (1) архива, (2) библиотека, (3) координатор за ЕКТС, (4) медиатека и (5) студентски прашања.

Во согласност со барањата наведени во прашалникот, вработените во наведените служби се оценувани според четири критериуми, сите на скала од 1 (најниско) до 5 (највисоко):

(а) професионалност

(б) љубезност

(в) брзина/исполнителност

(г) комплетен впечаток

Анализата на податоците открива дека *Службата за студентски прашања (просечна оценка 3,22), Библиотеката (просечна оценка 2,79) и координаторот за ЕКТС (просечна оценка 2,36) се послабо вреднувани административни единици.*

Процена на Комисијата за самоевалуација е дека не би било издржано посочените ниски оценки да бидат директно толкувани како резултат на лошото работење на посочените служби при Факултетот, со оглед на тоа дека студентите далеку најголемиот процент од трансакциите со администрацијата на Факултетот ги остваруваат токму преку службата за студентски прашања и координаторот за ЕКТС, а тука некаде може да се смести и библиотеката. Овој факт сам по себе може да значи дека најголемиот дел од акумулираниот критицизам кон службите од ваков вид ги проектираат токму кон нив, особено кон Службата за студентски прашања.

Архивата е оценета со севкупна просечна оценка 4,09. Четирите парцијални критериуми се релативно рамномерно оценети, при што за нијанса повисоко од другите се оценети професионалноста (4,25) и брзината/исполнителноста (4,21).

Библиотеката е оценета со севкупна просечна оценка 2,79, што е битно послабо во споредба со минатата учебна година, а исклучително многу послабо од претходните оценки. Секако, мора да се има предвид дека поради преземените зафати на реновирањето, просториите на библиотеката преку целата учебна година беа (и сè уште се) надвор од функција. Посочената состојба, објективно,

мора да влијае врз впечатоците и оценките на студентите за овој административен сервис.

Координаторот за ЕКТС севкупно е оценет со просечна оценка од 2,36. Испитаните студенти имаат забелешки кон степенот на љубезност (2,11) од страна на овој административен сервис. Другите аспекти на работењето стојат нешто подобро, а повторно како и изминатите години најдобро е оценета професионалноста (2,70).

Медиатеката и за предметната учебна година е оценета со највисока севкупна оценка (4,55), со посебен акцент врз љубезноста (4,77) и професионалноста (4,59) на административното лице од овој сервис.

Службата за студентски прашања севкупно е оценета со просечна оценка 3,22. По поединечни критериуми, испитаните студенти се најмалку критички настроени кон професионалноста (3,59), а слично на минатата учебна година најмногу кон брзината/исполнителноста (2,47). Љубезноста на службениците е оценета со 3,11, што е подобро во споредба со претходните години. Овде, секако, треба да се земе предвид дека се работи за просечни оценки за административно тело составено од повеќе вработени, што подразбира одредени индивидуални разлики меѓу поединечните службеници.

**Евалуација на условите за студирање за 2017-2018 година**

Условите за студирање во анкетниот прашалник се дефинирани низ девет критериуми, опфатени со анкетниот прашалник: *училници/кабинети, опременост со компјутери, достапност на слободен интернет, хигиена, информираност за административни одлуки, факултетска веб-страница, корупција, дискриминација по различни основи и степен на заштитеност на студентските права*.

Во целина, *студентите и натаму остануваат нагласено критични кон понудата на Факултетот во овој домен.* Просечната оценка за критериумите вреднувани на скала 1-5 изнесува ниски 2,55, што, сепак, е нешто подобро од изминатите години (претходните анкети покажуваат севкупна просечна оценка во опсег 2,32 – 2,53), а за оние вреднувани на скала 1-3 изнесува многу добри 2,52

(претходни години опсег 2,14 – 2,48). Испитаните студенти најголем степен на незадоволство повторно пројавуваат од општата хигиена и особено хигиената на тоалетите (просечна оценка 1,32, што е осетно помалку од опсегот 1,45 - 1,95 од минатите години). Релативно помалку се критични кон состојбата на училниците/кабинетите (3,56, што е осетно подобро од претходните години и можеме да претпоставиме дека произлегува од погодностите добиени со инсталираните нови проектори во училниците), и информираноста за важни административни одлуки (2,92).

Состојбата на училниците и кабинетите генерално е оценета со оценка од рангот на солиден просек. Најголемиот дел од испитаните студенти на ова прашање ја дале оценката „просечно“ (3) или „многу добро“ (4). Значајни 25 испитаници се изјасниле дека состојбата е „одлична“ (5). *Просечна оценка 3,56.*

Опременоста со компјутери студентите ја оценуваат со ниска оценка. Објективно, најголемиот дел од стационарните компјутери егзистираат за потребите на наставниците и кадарот од администрацијата, односно не се наменети за студентите, што јасно се одразува врз одговорите на ова прашање. Големото мнозинство (над 70%) од студентите на ова прашање ги доделуваат една од двете најниски понудени оценки: „незадоволително“ (2) или, пак, „лошо“ (1). *Просечна оценка 2,31.*

За студентите бесплатен интернет на Факултетот на компјутер е достапен само во медиатеката, во услови на мал број компјутери, од кои најголем дел се амортизирани. Таа состојба веројатно има одраз во мошне критичните ставови на испитаниците по ова прашање, но во актуелните услови на доминантно користење на интернет преку личните уреди (паметни телефони и таблети) на студентите повеќе им пречи повремената нестабилност и лоша пропусна моќ на факултетската безжична интернет мрежа (близу 2/3 анкетирани студенти, поточно 63,04%, се изјаснуваат со најниската оценка „лошо“). *Просечна оценка 1,97.*

Испитаниците се критички настроени кон состојбата со хигиената низ факултетските простории и санитарни јазли. Речиси 3/4 од анкетираните студенти

(78,33%) ја оцениле состојбата на овие простории со оценките „лошо“ (1) или „незадоволително“ (2). *Просечна оценка 1,32.*

Степенот на сопствената информираност за битните административни одлуки студентите ја оценуваат нешто помалку критички. Приближно секој четврти анкетиран студент (24,03%) манифестирал позитивен став, доделувајќи една од двете највисоки оценки (4 или 5). *Просечна оценка 2,92.*

Состојбите со факултетската веб-страница, исто така, се оценети со релативно помалку критика, барем во однос на најголемиот број други критериуми од листата на испитани услови за студирање. Сè уште повеќе испитаници пројавуваат негативен став (36,34% оценки 1 или 2) отколку позитивен (23,91% оценки 4 или 5). *Просечна оценка 3,11.*

Перцепцијата на студентите за можно присуство на корупција на Факултетот е крајно чувствително прашање. Добиените резултети дозволуваат можност дека, за жал, вакви појави се јавуваат во некои домени од функционирањето на Факултетот. Секој петти испитаник (19,44%) се изјаснува дека „корупција постои“ на Факултетот (забележливо подобрување во споредба со некогашните над 50%), но, сепак, само инцидентно (2,14%) категорично одговараат со „да“ на ова прашање. *Просечната оценка (на скала 1-3) изнесува 2,55.*

На прашањето за евентуална изложеност на некоја форма на дискриминација, повеќе од една третина (35,16%) од испитаниците се изјаснуваат дека имале лично искуство или, пак, знаат за близок колега како објект на такви дејанија на Факултетот. Повеќето (64,84%), меѓутоа, категорично се изјаснуваат дека такво нешто никогаш не искусиле. *Просечната оценка (на скала 1-3) изнесува 2,38.*

На прашањето за степенот на заштита и респект кон правата на студентот, добиените одговори сугерираат нешто почесто (32,17%) изразување на незадоволство (одговори 1 или 2) отколку задоволство (одговори 4 или 5, застапеност 23,22%). *Просечна оценка 2,61.*

## II. Документи и акти користени за Извештајот за самоевалуација за периодот 2016-2019 година

**Прв циклус студии**

